**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 2004 година**

Седница се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата како и министерот за финансии.

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по 86-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Трифун Костовски, Али Ахмети, Гзим Острени, Јусуф Арифи, Мендух Тачи, Љубе Бошковски, Љубчо Ѓорѓиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Ѓорѓи Оровчанец, Теута Арифи, Славица Грковска и Фазли Велиу , ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по **Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.**

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на Прегледот на Капитални проекти по функции на Владата во функционалната ставка 7033 и на функционалната ставка 7062; на раздел 09002 Подпрограма БГ; на Прегледот Буџетски расходи по функции на Владата на функционалната ставка 7041 и на функционалната ставка 7050; раздел 04001 Програма К, Подпрограма К1; раздел

04002 Програма 1, Подпрограма 11; раздел 16001 Програма 7, Подпрограма 71, ставка 464; на текстуалниот дел на Буџетот на Република Македонија на страна 9; на раздел 16001 Програма 7, Подпрограма 71, ставки 420, 421, 423, 424, 425, на раздел 02004, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 423, раздел 04001, Програма 1, Подпрограма 10,

ставки 425 и 426, раздел 05001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 423, раздел 06001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 421, на раздел 08001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 425, раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, раздел 09003, Програма 2, Подпрограма 20, ставки 426 и 423, раздел 09005, Програма 2, Подпрограма 20, ставки 423 и 425, раздел 12101, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 425 и Програма 5, Подпрограма 50, ставка 425 и на раздел 22001 Програма 2, Подпрограма 20, ставка 425; на раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425, раздел 13001, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 421, раздел 18010, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 421 и на Програма 8, Подпрограма 80, ставка 421 и на раздел 14001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на раздел 13001 Програма 3, Подпрограма 3Ѓ, раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3Ж, раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3З, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандман на раздел 14001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандмани на раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426 и на раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 71, ставки 420, 421, 423, 424 и 425 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Апостолоски поднесе амандман на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3S, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на раздел 19001, Програма И, Подпрограма И0, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; раздел 16101, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463 Програма 4, Подпрограма 40, ставка 463 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463; раздел 16001, Програма 6, Подпрограма 6А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464; раздел 16001, Програма 5, Подпрограма 5А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 482; раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 4Б, ставка 482 и на раздел 04002, Програма 1, Подпрограма 1А, ставка 481; раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464; раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6А, ставка 482 и на раздел 04002,

Програма 1, Подпрограма 1А, ставка 481; раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 32, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426; раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 482 и на раздел 02002,

Програма 2, Подпрограма 20, ставки 401, 402, 403, 420, 421, 423, 424, 425, 426 и 483 и на раздел 04001, Програма 1, Подпрограма 10, ставки 401, 402, 403, 420 и 426 и на Програма 2, Подпрограма 20, ставка 420 и на раздел 04002, Програма 1, Подпрограма 10, ставки 401, 402, 421, 423, 424, 425 и 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Иван Анастасовски, Тасим Сулејманоски, Славе Арсовски и Владо Илиевски поднесоа амандман на раздел 16101, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандман на раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 426 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Ѓорѓиев поднесе амандмани на раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464 и на раздел 14001, Програма 2, Подпрограма 20 за додавање нова категорија и нова ставка по ставката 426 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдуладди Вејсели и Исмет Раамадани поднесоа амандман на член 2, Програма К, Подпрограма К1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев поднесоа амандмани на раздел 16101, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413; раздел 14001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 485 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 и на раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова-Каревска и Јордан Михајловски поднесоа амандман на раздел 18010, Програма 9, Подпрограма 92, ставка 464 и на Програма А, Подпрограма А2, ставка 442, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на раздел 13001, Програма 2, Подпрограма 20, за додавање нова ставка по ставката 489 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464; на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3S, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487 и на Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандман на раздел 06001, Програма 3, Подпрограма 30, ставки 401, 402, 403, 420, 421, 423, 424, 425, 426 и 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставки 426 и 464, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандман на раздел 02001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 425 и на раздел 04002, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 425, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на раздел 15020, Програма 2, Подпрограма 24, ставка 471 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 02003, Програма Г, Подпрограма Г1, ставка 425 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3S, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6В, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 , по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова поднесе амандмани на раздел 18010, Програма 5, Подпрограма 50, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487; на раздел 18010, Програма 6, Подпрограма 60, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487; на раздел 18010, Програма 7, Подпрограма 70, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 и на раздел 18010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 , по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ганка Самоиловска-Цветанова и Никола Груевски поднесоа амандман на раздел 18010, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Аднан Ќахил поднесоа амандман на раздел 19001, Програма И, Подпрограма ИО, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Аднан Ќахил поднесоа амандмани на раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 16001, Програма 3, Подпрограма 3Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на раздел 16001, Програма 2, Подпрограма 2Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Ќахил поднесе амандман на раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 71, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Ќахил, Силвана Бонева и Ганка Самоиловска-Цветанова поднесоа амандман на раздел 16001, Програма 6, Подпрограма 6А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 70, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413; на раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 70, ставка 425 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на раздел 16001, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 401 и на раздел 12101, Програма 4, Подпрограма 4Б, ставка 489 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски поднесоа амандмани на раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 60, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483; на раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6В, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413; на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3S, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ефтим Манев, Коце Трајановски, Силвана Бонева и Никола Груевски подесоа амандмани на раздел 07001, Програма 1, Подпрограма 1Б, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413; на раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 402 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413; на раздел 07001, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2,

Подпрограма 21, ставка 412; на раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 401 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413 и на раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 412, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Србиновски, Никола Груевски и Ганка Самоиловска-Цветанова поднесоа амандман на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Илија Китановски и Ѓорѓе Паљошковски поднесоа амандман на раздел 10001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 424 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 412, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Аднан Ќахил и Илија Китановски поднесоа амандман на раздел 16001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Никола Груевски, Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандман на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Србиновски и Никола Груевски поднесоа амандман на раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ефтим Манев и Никола Груевски поднесоа амандман на раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Никола Груевски, Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски поднесоа амандман на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошковски и Никола Груевски поднесоа амандман на раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандман на раздел 16001, Програма 8, Подпрограма 80, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 програма К, подпрограма К1, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Дозволете, едно методолошко појаснување во врска со амандманите.

Владата ги разгледа сите амандмани и некои амандмани кои за Владата се прифатливи, а кои од технички причини беа направени така што ако се прифатат како што се напишани, нема да можат да се инволвираат во буџетот, Владата ги преработи и достави свои амандмани кои вие ги прочитавте дека се веќе составен дел на буџетот.

Овој амандман поднесен од пратениците Рамадани и Вејсели, за Владата е прифатлив со тоа што ние малку го преработивме во амандманот ИВ што ние го доставивме после овој амандман, така што амандманот е прифатен, преформулиран и преработен во нашиот амандман. Од тие причини би ги замолил господата Рамадани и Вејсели да ги повлечат затоа што Владата ја задржа суштината, го преработи и на тој начин тој веќе е составен дел на буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Формално амандманот не е прифатен, но објаснивте дека тој амандман веќе е вграден.

Значи јас морам да ја запазам процедурата.

Повелете господине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги,

Вистина е тоа што го кажа министерот за финансии дека овој амандман на некој начин е преработен од страна на Владата, во амандманите што се дадени со дата 27.12.2004 година, додека нашиот амандман е предаден на 22.12.2004 година и станал составен дел од амандманите на Владата.

Меѓутоа, доколку говориме за техничкото изготвување на амандманот, јас мислам дека сепак овој амандман даден од страна на господинот Вејсели и од моја страна, основата како текст ја има, значи кога се говори за реформи во јавната администрација, основата ја има во програмите на Владата и во Подпрограмата К1. Значи се заменува реченицата “реформа на државната администрација” со “правично и соодветно застапување на претставниците на заедницијате”. Тука има мала измена, во овој дел на текстот што е даден во наводници и во амандманот на Владата и во нашиот

амандман. Се разбира дека ние го поддржуваме овој амандман. Јас се согласувам дека и Владата тука реагирала добро и брзо за да биде потранспарентна и така го дала разјаснувањето. Меѓутоа во оваа транспарентност на нашето разјаснување, ние се повикуваме на дополнителните објаснувања за овој амандман, се повикуваме на Рамковниот договор, се повикуваме и на амандманот ВИ од Уставот и се разбира се повикуваме и на Акциониот план на Владата за правичната и соодветната застапеност на националните заедници. Бидејќи Владата овде покажала разбирање, иако ќе беше посимпатично доколку се прифатеше нашиот амандман, значи амандманот на пратениците. Меѓутоа, според некоја инерција изгледа секогаш се оди кон тоа амандманот на Владата да биде прифатен и да помине полесно. Меѓутоа, како и да е, јас го имам предвид разбирањето на Владата во тој правец. Бидејќи тие мислат, врз основа на тоа што го кажа и министерот дека и технички е изготвен подобро, тогаш остануваме на тоа да остане овој амандман. Нашиот амандман ние ќе го повлечеме. Значи да остане амандманот на Владата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Рамадани.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001, програма 2, подпрограма 20, ставка 425 и на раздел 04002, програма 1, подпрограма 10, ставка 425, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Средствата за кои Комисијата за култура има поднесено амандман, веќе се обезбедени во разделите, за прославата на Владата во владиниот раздел, а за другото во Министерството за култура.

Од тие причини амандманот нема потреба да го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА МИТЕВСКА:

Благодарам господине претседателе,

Да му се заблагодарам на претставникот на Владата дека обезбедиле средства за одбележување на значајни датуми и личности, меѓутоа тие требаше да бидат вградени во буџетот, видливо, бидејќи согласно член 7 од Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и личности, треба да бидат видливо вградени во буџетот за наредната година.

Ние баравме средства од 30 милиони за одбележување на значајни настани и личности во 2005 година, бидејќи оваа година Комисијата за култура ја сработи програмата, така што можеше да биде внесена во буџетот.

Минатата година кога беше готова програмата, во ноември месец, од Министерството за финансии ни кажаа дека е потребно да биде програмата порано подготвена, за да може да се планираат средства за одбележување. Не ми е јасно дали е потребно програмата да се донесе на време, или не е потребно и дали има некаква разлика кога ќе биде донесена програмата, бидејќи средствата во буџетот не беа видливи.

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате мандат од целата Комисија?

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02002, Програма 2, Подпрограма 20, ставки 401, 402, 403, 420, 421, 423, 424, 425, 426 и 483, Раздел 04001, Програма 1, Подпрограма 10, ставки 401, 402, 403, 420 и 426 и на Програма 2, Подпрограма 20, ставка 420 и на Раздел 04002, Програма 1, Подпрограма 10, ставки 401, 402, 421, 423, 424, 425 и 483, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот од причина што амандманот е поднесен со цел да се зголеми масата на плати во Државниот завод за ревизија. Тие се испланирани на истото ниво како и во минатата година и се работи за зголемување на трошоци.

Со оглед дека една од главните критики на опозицијата беше дека многу пари за плати се одвојуваат, ние не можеме сега на иницијатива на опозицијата да одвоиме уште повеќе средства за плати.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласламе.

Гласале 56 пратеници, 7 гласале за амандманот 1 воздржан, 48 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02003, Програма Г, Подпрограма Г1, ставка 425 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Со амандманот се предвидува постојната ставка во буџетот, кај Комисијата за спречување на корупцијата, износот од 5.700.000 да се зголеми за 150.000.000, или уште за 30 пати, а средствата ќе се одземат од средствата за инвестиции.

Веднаш да соопштам дека овде е малку чудно, дека се одземаат средства од инвестиции, тоа што господинот Трајановски најмногу го критикуваше во својот говор, а се ставаат кај договорни услуги, нешто што е тековни трошоци.

Имајќи предвид дека средствата се 30 пати зголемени, со неговиот амандман, а дека средствата кои се предвидени со Буџетот се за доволно административно функционирање на Комисијата за спречување на корупцијата, амандманот не се прифаќа.

Сакам методолошки веднаш да појаснам и за другите амандмани, тоа нема да го повторувам во секоја прилика. Секој амандман кој е во насока да се одземаат средствата од ставките за капитални инвестиции и да се прераспоредуваат за тековни трошоци, ќе ја прифатиме сугестијата на дебатата во изминатите два дена и нема да ги пренаменуваме, бидејќи, нели, се малку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Прво би напоменал дека парите се одземаат од Р аз дел 09002, Министерство за финансии, Програма 2 Подпрограма 20, функции во ставка 483 која гласи - купување на мебел, опрема, возила и машини. Не знам дали се тоа инвестиции, купување на мебел. Рече министерот малку е чудно, меѓутоа и јас мислам дека е чудно, бидејќи екс премиерот даде оставка токму поради корупцијата во највисоките владини институции. Затоа, тргнувајќи од тоа ние го предлагаме овој амандман затоа што сметаме дека најголемото зло на Република Македонија е токму корупцијата. Ако ние имаме доволно средства за борба против таа корупција, сметам дека ќе ја смалиме на некое ниво кое е можеби подносливо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Изјавата на господинот Трајановски е неточна затоа што се одземаат пари, 150 милиони точно од капитални инвестиции и таа програма е купување на мебел, опрема, возила и машини. Сето тоа спаѓа во капитални инвестиции и нема потреба злонамерно да се толкува само првиот збор од четирите збора. Мислам дека има и тука тенденција и затоа сакав да реагирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 6 за, 2 воздржани и 51 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001, програма 3, подпрограма 30, ставки 401, 402, 403, 420, 421, 423, 424, 425, 426 и 483 и на раздел 09002, програма 2, подпрограма 20, ставки 426 и 464, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот, не сме во ситуација да го прифатиме затоа што тие проблеми кои се иницираат во образложението од Комисијата треба постапно да се решаваат, не може вака одеднаш.

Второ, средствата што се предлага да се одземат, се одземаат од средствата кои се одвоени за учество на Република Македонија во проектот за меѓусоседство кој проект е на патот кон интеграција за Европската унија. Тие се заеднички проекти кои следат во 2005 година.

Амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам тоа е амандманот на Комисијата за одбрана и безбедност.

Овој амандман го поднесе Комисијата, сите членови на Комисијата, независно дали се позиција или опозиција. Тоа беше врз основа на образлагањето на директорот на Полициската академија.

Се надевам дека министерот за финансии навистина ќе го прифати овој амандман, со оглед на тоа што имаше консензус во Комисијата.

Морам да потсетам дека со неприфаќањето на овој амандман се доведува во прашање работата на Полициската академија. Значи, најверојатно, ако не се прифати сега, со ребалансот на буџетот ќе мора да се прифати. Меѓутоа сепак тоа е еден начин на работа односно кажува за еден начин на работа на, атхок, да речам решавање во чекор на некои работи што можеме ние со планирања што е евидентно дека ќе се случат, а се работи за непречено работење во втората половина, најверојатно, на годината кога ќе има запишување на следната генерација на ученици и студенти.

Уште еднаш би апелирал овој амандман да се прифати, еве сега барем од пратениците, со оглед на тоа што сите пратеници во Комисијата за одбрана и безбедност бевме едногласни за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 8 за амандманот, 2 воздржани, 50 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 07001, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 481 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 412, поднесен од пратениците Никола Груевски, Коце Трајановски, Ефтим Манев и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не можеме да го прифатиме затоа што ги зафаќа средствата од резервата на буџетот кои средства се со закон определени на кое ниво се чуваат и ние не можеме визави законот да ги намалиме средствата за резерви.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Манев имате збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Поднесениот амандман се однесува на потреба од парични средства во Министерството за правда и тоа за градежни работи кои градежни работи се однесуваат на поправните домови, на установите, и тоа претежно на “Идризово”, каде што имаме голем број на затвореници. Затворот недоволно е уреден за прием на сите тие лица кои се во оваа установа, со цел да се повратат во животот како рехабилитирани, поправени и ресоцијализирани, а какви што се условите во затворот - не знам кој бил таму - од таму излегуваат луѓето со повеќе навики, со повеќе криминогени професионални навики кои ги навикнуваат еден од друг и наместо истите да се поправат при нивното враќање, напротив, тие стануваат уште поголем криминоген фактор.

Тоа што вели министерот дека средствата се земаат од ставка која не дава можности, министерот нека предложи друга ставка. Поднесени се повеќе такви амандмани во однос на правосудството, односно судската власт и таму треба, ако не може да се посегне од ставките кои што се предложени во овој амандман, тогаш нека оди

на дефицитната сметка на Буџетот, позајмување на средства, кредитни или било какви, но овие работи сметам дека се неодложни и се штетни ако останат и натаму нерешени.

Затоа, сметам дека министерот треба повеќе да размисли на тоа поле. Веројатно знае каква е состојбата во затворот, не верувам дека не му е познато. И досега се барани такви средства, но барањата се одбиени од причини дека нема приходен дел.

Сметам дека министерот треба да го прифати овој амандман кој е неопходен за Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Коце  Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Се јавувам за збор по овој амандман и поради една друга причина. Имено, покрај тоа што сум еден од предлагачите на овој амандман, втората причина е што овој затвор “Идризово” припаѓа во мојата изборна единица, од која сум избран и во претходниот мандат сега. Со посебни ангажирања во претходниот мандат успеавме во 2000 година да издвоиме средства за да се подобрат условите за престој на затворениците во затворот “Идризово” и мислам дека се обнови еден крак, се поправија условите, но остана обновување на другиот крак.

Исто така, мислам дека ова е обврска и од Европската унија, бидејќи кога доаѓаат претставници често пати ги посетуваат и затворите за да видат во какви услови се затворите и какво е нивото на стандардот во нашите затвори.

Затоа, би апелирал и јас како и колегата Ефтим Манев, можеби ставката не е погодена, но има време министерот до крајот на расправата да предложи од која друга ставка да се предвидат средства се со цел да продолжи тој процес на обновувањето на овој затвор, но и на другите затвори во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 11 за амандманот, нема воздржан, 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 07001, Програма 1, Подпрограма 12, ставка 473 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ефтим Менев, Коце Трајановски, Силвана Бонева и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Овој амандман е со слична содржина како и претходниот и од истите причини не можеме да го прифатиме затоа што ги намалува резервите пропишани со закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 8 гласале за амандманот, нема воздржан, 53 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 487 и на Програма 2, Подпрограма 21, ставка 411, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не можеме да го прифатиме, прво, затоа што и тој се однесува на резервите на Буџетот и второ, средствата кои се удвојуваат нема значително да се зголема со ова, а нивната распределба се врши со програма, а не со Буџетот од страна на Парламентот, така што амандманот нема да го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Двајца пратеници се пријавиле за збор.

Повелете господине Георгиев Драган, а потоа госпоѓа Лилјана Ивановска.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Блаодарам.

Постапката за распределбата на финансиските средства е јасно, меѓутоа, токму заради тоа овој амандман е предложен од Комисијата за транспорт, врски и екологија. Имено, амандманот се предлага со цел да се зголемат средствата во ставката Капитални трансфери до вонбуџетските фондови заради зголемување на износот на средствата за Фондот за магистрални и регионални патишта, со што би се создале реални услови за изградба на дел од магистралниот пат Струмица - Радовиш во должина од 15 километри. Имено, заради лошата состојба на овој дел од магистралниот пат кој е изграден пред повеќе од 50 години, сообраќајот на лесни товарни возила се одвива отежнато со намалена безбедност на учесниците во истиот. Изградбата на овој дел на магистралниот пат Стумица - Радовиш со сигурност ќе влијае позитивно врз економскиот развој и поттикнувањето во однос на пласманот на вкупното земјоделско производство во овој регион и ќе обезбеди нормална сообраќајна комуникација на регионот.

Исто така, магистралниот патен правец Штип - Струмица претставува и значајна сообраќајна врска на Република Македонија со нашите соседни држави, Грција и Бугарија и затоа навистина е неоправдано сите овие години да не биде ниту започната изградбата на овој дел на магистралниот патен правец, иако тоа е исклучиво во ингеренции на Фондот за магистрални и регионални патишта, меѓутоа, кога би имале тие повеќе средства би се зголемила веројатноста за издвојување на дел од средствата за отпочнување на изградбата на дел од овој магистрален пат.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитувани колеги, на Комисијата за транспорт, врски и екологија постигнавме консензус и затоа овој амандман е предложен како амандман на Комисијата за транспорт, врски и екологија, на издвојување средства за изградба на дел од патниот правец Струмица - Радовиш, кој што навистина е во таква состојба како што кажа мојот колега.

Во расправата на Комисијата за транспорт, врски и екологија до сега беше побарано, во иднина, иако усвојуваме веќе три буџети, во иднина при гласањето на буџетите Програмата на Фондот за магистрални и регионални патишта да ја донесуваме

заедно со Буџетот, затоа што претставува значителен предуслов за економски развој и од тие причини ние како пратеници треба да ја имаме програмата при донесувањето на буџетот за да видиме Фондот кои приоритети во патната инфраструктура ги става во преден план за реализација во наредната година, како би имале увид како ќе се трошат средствата од Фондот за магистрални и регионални патишта. Во сите буџети беше предлагано решавање на овој патен правец Струмица - Радовиш и еве, министерот го поканувам за празниците да дојде во Струмица, меѓутоа, преку Штип, не преку Валандово, за да ја види навистина состојбата со овој патен правец и можеби ќе предложи закон за задолжување за решавање на автопатско решение Струмица - Штип - Свети Николе - Велес, а ние како информација во Собранието расправавме за предусловите за економски развој и тоа што го кажа на патот за евроинтеграции прекуграничната соработка е еден од приоритетите на европската политика и на Европската комисија за економски развој на пограничните региони. Сметам дека ова патно поврзување и железничкото поврзување на Струмица кон Штип и кон Бугарија кон Петрич, претставува еден од навистина најважните приоритетни предуслови за економски развој и сите граѓани на Република Македонија го знаат степенот на економски развој на Струмица, што во земјоделието и во индивидуалниот сектор е доста на завидно ниво, па заслужува за овој патен правец да се издвојат средства.

Ние како предлагачи сметаме дека од тековните резерви односно разновидни расходи во делот на Расходи, резерви и недефинирани расходи министерството требаше да го прифати овој амандман, затоа што се работи за милиони денари.

Апелирам колегите пратеници треба да гласаат за овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници. 18 пратеници гласале за амандманот, тројца воздржано и 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на Раздел 10001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 424 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 412, поднесен од пратениците Коце Трајновски, Илија Китановски и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Средствата кои пратениците ги бараат за програмата за електрификација на селата  се веќе вградени во Буџетот, меѓутоа, на друга позиција, а не на оваа што се предлага. Тие се во Разделот на Министерството за економија во Програмата Б-3 каде се веќе издвоени 10 милиони денари.

Затоа, овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам на објаснувањето на министерот, меѓутоа, сметам дека тие средства кои беа издвоени во Програмата Б-3 на Владата на Република Македонија се недоволни и затоа барам овие средства да се зголемат за дополнителни 30 милиони. 30 милиони денари се многу малку пари ако земеме предвид колку села има во Република Македонија и каква е состојбата со електрификацијата на тие села. Знаеме дека како определба на државата би требало да имаме стратешка определба за подобрување на условите на живеење во селата, се со цел да се намали иселувањето или миграцијата на населението од селата во градовите, дури и да создадеме можности за враќање на населението во селата, се со цел да се подобри начинот на живеење. Сметам дека би требало да се прифати овој амандман, бидејќи навистина е потребен, се работи за многу села и е многу значајно за ова население.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници. Гласале 60 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, еден воздржано и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на на Раздел 12101, Програма 4, Подпрограма 4Б, ставка 489 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Средствата кои Владата ги има предвидено во висина од 50 милиони денари за оваа намена сметаме дека се доволни и нема потреба од нивно зголемување и дополнително на тоа зголемувањето се бара од Резервите на буџетот, кои исто така не можеме да ги намалиме.

Само да потсетам дека пред неколку месеци ова Собрание кога расправаше за елементраната непогода со поплавите токму пратениците инсистираа да се издвојат средства од резерви на Буџетот и ние ги издвоивме. Од тие причини сега не гледам причина за наредната година да немаме резерви, секогаш тие требаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине министер, воопшто немам против да се издвојуваат резерви во Буџетот на државата, да се најдат за не дај боже, меѓутоа, сметам дека функционирањето на Хидросистемот за спас на Дојранското езеро е навистина од огромно значење и 50-те милиони кои ги имавте предвидено со Буџетот не се доволни, и тоа од следните причини:

Бидејќи во моментот Хидросистемот за спас на Дојранското езеро вложи 63 милиони денари, значи, со 50-те милиони кои вие ги предвидувате не можат да се подмират ниту обврските, а камоли да се обезбеди непречено функционирање на Хидросистемот за спас на Дојранското езеро. Само пред неколку седници ова Собранието со консензус на најголемиот дел на пратениците изгласа заклучоци по една информација за функционирањето на Хидросистемот за спас на Дојранското езеро, со која сите ние како Собранието земавме обврска дека ќе инсистираме Владата да овозможи, да оддели средства и да овозможи непречено функционирање на

хидросистемот. Значи овие 50 милиони денари кои ги има овде одделено се доволни во 2005 година, само за плати, меѓутоа останува долгот од 63 милиони денари, што во најголем дел е за неподмирена електрична енергија. Тоа во моментот прави пречки и на Електростопанство на Македонија, односно Подружницата во Гевгелија, бидејќи скоро 25% од потрошувачката на електрична енергија отпаѓа на хидросистемот за спас на Дојранското езеро и најголем дел од долговите кои што ги имаа оваа подружница, па доколку треба да функционира непречено овој хидросистем треба да се обезбедат уште два милиони денари за да се отстранат шетите кои ги нанесоа поплавите врз Хидросистемот, врз бетонските прагови, електрониката,, техниката што е во хидросистемот и заради тоа треба да се предвидат уште два милиони денари. Токму заради тоа барам 65 милиони денари со кои ќе се покријат долговите и ќе се отстранат неповолните последици од поплавите и ќе се овозможи конечно непречено да функционира Хидросистемот за спас на Дојранското езеро. Доколку вие сметате дека треба Хидросистемот за спас на Дојранското езеро непречено да функционира, вие ќе најдете од која ставка  треба   да се земат пари за да може да се пренесат на ставката која што е предвидена за проектот за Дојранско езеро, за негово фнункционирање и навистина ќе овозможите тој хидросистем непречено да функионира.

Сметам дека не е добар изговорот дека не може да се земе од Разделот кој што овде го имам посочено од Министерството за финансии, од Резервите. Мислам дека вие сте експерт од оваа област и вие треба да кажете доколку сметате дека треба да функционира Хидросистемот за спас на Дојранското езеро од каде треба да се земат овие пари и на која ставка треба да се стават.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 60 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржано и 51 против. Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 2, Подпрограма 20 за додавање нова ставка по ставката 489 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Тоа е нивниот прв амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе, јас во воведното излагање ја соопштива владината политика во однос на МРТВ и тоа ќе го направиме, да не повторувам тоа што го кажав. Овој амандман не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе, всушност и министерот потврди дека во експозето тој го даде одговорот на овој амандман. Меѓутоа би сакал да кажам дека Комисијата за транспорт, врски и екологија, предлагајки го овој амандман имаше во предвид досега прифатените извештаи на МРТВ кои што добија позитивно светло, позитивен одговор во ова Собрание и за 2002 и за 2003 година. Имајќи ги во предвид овие извештаи и подршката која што Собранието му ја даваше на МРТВ, ценевме дека треба да му дадеме и една дополнителна финансиска инфузија за програмата за трансформација и преструктуирање на МРТВ. И затоа предложивме една стапка вредност од 120 милијони да се даде на МРТВ за овој процес на преструктуирање каде што ќе се искористат средствата нормално за намалување на бројот на вработените, за воспоставување на собранискиот канал кој што со последната измена на Законот ја воведовме, како и за процесот на дигитализација на мрежата кој што отпочна пред извесно време.

Јас како претседател не можам да го повлечам амандманот. Меѓутоа, се надевам дека Владата ќе го направи она што во експозето го најави министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеника, 14 за, нема воздржан, 42 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма 3, подпрограма 30 ставка 481 и на раздел 09002, програма 2, подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за фиансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Средствата за магистрални и регионални патишта во Македонија се двојат во Фондот за патишта со Програмата, а Буџетот само дава трансфери од даночните приходи и тие оваа година се во висина од милијарда и 210 милиони. Со оглед дека овој амандман е поднесен според образложението за довршување на патни правци, а е поднесен на друга ставка, ние не можеме да го прифатиме. Доколку и би се прифатил овој амандман, тие пари нема да одат за патишта, ќе одат за други градежни објекти и затоа не можеме да го прифатиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Овие средства што ги барам се наменети за довршување на патниот правец Куклиш-Банско. Патен правец кој што е тампониран, а треба да се изврши неговото асвалтирање. Доколку не се изврши неговото асвалтирање во најскоро можно време тој ќе претрпи штета, затоа што е незаштитен пат. Па така средствата кои што се потрошени во негово досегашно градење ќе пропаднат. Градбата на овој патен правец е исто така во функција на регионалниот економскиот развој на подрачјето во Струмичкиот регион.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 15 гласале за, 1 воздржан, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма, подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, програма 2, подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ѓорѓе Паљошковски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е по намена идентичен како и претходниот и образложението е исто, дека средства за патишта се одвојуваат во Фондот за патишта, а не директно во Буџетот и дека дури и да се усвои овој амандман со оглед дека е кај градежни објекти во Министерството за транспорт и врски, тие средства ќе бидат употребени за друга намена и затоа дури би предложил и да биде повлечен.

Амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине министре, доколку сметате дека патниот правец Струмица-Радовиш и неговата изградба е навистина од огромно значење за регионот, сметам дека ќе оделите повеќе пари во Фондот, она што беше побарано и пред малку, она што се бара веќе со години наназад и ако не друго, ние пратениците да имаме програма на Фондот и да знаеме каде тие ќе ги потрошат парите кои што се оделуваат со Буџетот на државата. Во Собранието на Република Македонија имавме и Инфорамција која што беше прифатена од мнозинството пратеници со која се констатира дека е неопходно да се изгради овој патен правец. Меѓутоа, гледаме дека ништо од тоа нема. Во моментов кога секојдневно слушаме за потребите од регионално инфраструктурно поврзување на земјите од Балканот, во Република Македонија посебно во источниот дел со години наназад имаме сериозен проблем на отежната патна комуникација, посебно на патниот правец Струмица-Радовиш-Штип. Минатата година кога зборувавме за Буџетот и потребата од обезбедување на финансиски средства за градење на овој патен правец, рековме дека ќе ја напуштиме праксата овој патен правец да биде повторуван постојано и користен само како празно предизборно ветување, туку дека конечно граѓаните од тој регион кои што се лишени во моментов од основната придобивка на цивилизацијата, а тоа е Железницата, дека ќе им овозможиме барем да имаат пристоен пат. Со денови зборуваме дека и во овој Буџет како и во ланскиот Буџет отсуствува развојната компонента. Владата треба да создаде услови за економски развој во државата. Во момњнтов не постои сериозна стратегија за рамномерен развој на државата, нешто што треба да биде главен интерес на секоја влада. Отаму и разликата во развиеноста на западниот и источниот дел од државата. Треба да се намали оваа драстична разлика и со

тоа да се запре се поголемото осиромашување на граѓаните во источниот дел од Македонија. А основен предуслов за економскиот и културниот развој секако е постоењето на развиена инфраструктура, посебно патната и железничката.

Почитувани дами и господа, јас незнам кој странски инвеститор ќе инвестира во регион на пример како што е Струмичко-Радовишкиот кој што нема ниту пристоен пат, а камоли пак железница. Како може да очекуваме да се подобри пласманот на земјоделските производи, па дури и да се формира агро берза, доколку отсуствува основниот предуслов. Во моментов имаме пат кој што во поле рамно како тепсија ги обиколува меѓите на нивите, пат од кој што отскокнуваат коцките и навистина не знаеш во кој момент ќе биде оштетено возилото, пат по кој што граѓаните трошат навистина многу повеќе гориво и време, пат по кој што при транспорт се намалува квалитетот на земјоделските производи поради тресењето и набивањето. Значи се додека имаме таков пат, многу од странските инвеститори ќе не заобиколуваат, бидејќи никој не сака да инвестира во крај кој е како слепо црево без речиси никакво патно и железничко поврзување. Дури е жално секоја година навистина да бараме средства за тој патен правец и досегашните влади да се оглушуваат на барањето на граѓаните од тој регион. А ние постојано зборуваме за Европската унија и НАТО. Доколку почитувани дами и господа сонот за влез во ЕУ и НАТО сакаме да биде реалност, тогаш тоа не е можно без остварување на основниот предуслов за иден развој, а тоа е патното и железничкото поврзување. Само така ќе ни се отворат пазарите и кон исток и кон запад и кон север и кон југ. Затоа под итно треба Владата да работи на создавање на можности за изградба не само на солидно патно поврзување, туку и на железничко поврзување на Штип со Струмица, Петрич, а во исто време и со Гевгелија со цел да се овозможи поевтин транспорт на нашите производи на пазарите на исток и југ и со тоа ќе се овозможи успешно функционирање на евро регионот Струмица-Петрич-Кукуш.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, господине министре, сакам да го подржам овој амандман. Како што е познато последниве години се направија некои мали интервенции на тој патен правец од Струмица наваму, накај Радовиш инаку некои крупни недостатоци на патот беа отстранети, но останаа истите својства, истите технички елементи. Струмица зафаќа едно големо подрачје со околината е доста интересна економски и може да оди во еден подинамичен развој . Мислам дека патната поврзаност, сообраќајната поврзаност ги

поскапува сите економски потфати во Струмица, ги отежнува и успорува, ги забавува и многу скапо ја плаќаат Струмичани таа патна изолација која е сега. И Македонија исто така скапо го плаќа тој врзан јазол таму сега фактички патот од Струмица накај Валандово има извонредно тешки технички елементи и не е алтернатива на овој пат за Радовиш и Штип. Засега апсолутно не е алтернатива. Оваа година ние имавме и минатата година имавме неколку посилни дождови и стално дел од патот е рушен, не може да биде алтернатива во овој момент. А што се однесува за овој патен правец за кој се однесува и амандманот фактички таму е многу споро возењето, многу е несигурна позицијата на оној  кој се одлучил да оди таму. Замислете, еве не само што Струмица ја држи во изолација туку и за некои подрачја да кажеме за радовишани  и за штипјани го одалечува и Дојран, едноставно заради лошите патни услови од Штип треба час и половина да се вози до Дојран. Само малку ако врне, апсолутно мора да се вози споро. Техничките елементи на патот особено од Радовиш до Струмица се многу лоши, многу слаби, нема паралелен пат за возилата, за запрежните возила и за тракторите, има многу непотребни несреќи, скапи несреќи. И мислам дека ова наше забушавање, одлагање, заборавање на Струмица скапо го плаќаат сите струмичани и сите оние од другите делови на Македонија кои сакаат да одат во тој богат крај, со потенцијали и многу инвентивни и трудољубиви луѓе фактички доцнат со своите иницијативи, меѓу другото точно заради вистинската изолација, сообраќајна изолација на Струмица од останатиот дел на државата, ако се видат другите подрачја како се поврзани. Затоа едноставно мислам дека ако за оваа годна се изработени програмите на “Македонија пат” и на Фондот за патишта, ако не може ништо сега да се направи во Буџетот со една ваква интервенција, иако мислам дека и оваа интервенција во амандманот нема да биде доволна таму ние да имаме вистинско решение, туку ќе имаме подобро решение. Мислам дека и Министерството за финансии, ама посериозно тука и Министерството за транспорт и врски треба да навестат дека тоа еднаш ќе се реши и дека таму ќе мора да се преземе сериозен потфат за да се пробие таа сообраќајна изолираност на Струмица и фактички држење на низок ниво на стопански и општо човечки потенцијали на целото тоа подрачје.

Затоа ние ќе го подржиме овој  амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 18 гласале за, нема воздржан, 43 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма 3, подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002, програма 2, подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците, Коце Трајановски, Никола Груевски, Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Амандманот не се прифаќа од истите причини како и до сега што зборувавме. Јас во воведното излагање соопштив во која насока ќе се движат активностите во железничката изградба во Република Македонија и поврзување, само да соопштам дека средствата кои тука се загатнуваат, а кои недостасуваат на тој железнички правец 130 милиони евра. И со вакви интервенции ќе ги губиме парите, а нема да добиваме ништо. И затоа не можеме да го прифатиме тој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, сакав да напоменам дека со овие средства кои ги барам ќе се заокружи, или ќе се тежнее да се заокружи поврзувањето на релација Куманово-Деве Баир. Значи очигледно е дека на Република Македонија оваа трансферзала железничка и е многу потребна. Ние знаеме што се се случи во кризните моменти кога по патниот правец се правеше транспорт на нафта и сето останато кое што доаѓаше од Народна Република Бугарија.

Доколку не се издвојат средства за довршување на овој проект јас не зборувам сега, од овој Буџет од оваа година, значи јас зборувам со некоја динамика што треба да ја продолжуваме на овој проект кој веќе е започнат и на него се инвестирани според мои сознанија околу 100 милиони долари ќе се ризикува пропаѓањето на овие средства. Практично пругата која што е изградена и дел од таа траса и оние објекти кои што се изградени ќе бидат оставени на забот на времето. Сметам дека ова железничко поврзување е од стратешки интерес за Република Македонија и претставува дел од изградбата на коридорот. Досега се издвојуваа годишно минимални средства, значи имаше една минимална активност. Значи, било каква активност би требало да има и тоа

треба да значи порака дека еве, Република Македонија не го напушта овој железнички правец. Со ваквиот начин на проектирањето на средствата во Буџетот т.е. со неиздвојувањето воопшто никакви средства за овој правец, сметам дека тотално ќе престанат и тие минимални активности кои што досега ги имавме. Сега се прашувам, дали Република Македонија се откажува од овој проект. Сигурно дека преку Буџетот нема да се реши овој. Меѓутоа со ова сакаме да иницираме размислување дека навистина овој е потребен проект и со тоа да ја потсетуваме Владата секогаш, било која влада, дека овој проект е многу значаен за Република Македонија. Затоа јас сметам дека треба да се издвојат средства, значи било колку, некои минимални средства се со цел да не престанат тотално активностите на овој железнички правец од Куманово до Деве Баир.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам.

Почтиван претседателе, колеги пратеници, г-дин министер,

Господинот Коце Трајановски, предлагачот на амандманот образложи од кои мотиви го имаат поднесено овој амандман, бидејќи се работи за железничко поврзување на релација Куманово - Девер Баир, делница која навистина е фрекфентна и јас мислам дека тука треба да има едно растоварување и ова да биде доврешено.

Од друга страна, за разлика од предлагачот, јас не се согласува со тоа што рече дека Македонија се откажала од овој проект, тоа сигурно не го направила, нека биде убеден. А, јас по однос на тоа ќе гласам позитивно за амандманот од колегите пратеници.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Г-дине претседателе, овој амандман не соочува со едно болно прашање. Од една страна овој проект генерално земено е во рамките на коридорот 8 и на едно општо и целосно поврзување е не само север - југ туку и исток -запад. И, тоа би било една добра работа доколку успееме. Меѓутоа, ние кажуваме многу приказни за коридорот 8, ама немаме огласена политика, утврдена политика, што подразбираме под коридорот 8, што влегува во него, во која форма овој проект влегува таму, дали влегува таму, што со него сакаме да постигнеме. Ние таму имаме врзано околу 150 милиони долари, меѓутоа фрлени се тие пари, немаме ни намера да кажеме кога ќе бидат ефектуирани, кога нешто ќе направиме од оваа пруга.

Второ, дали се изградени тие објекти во склопот на еден современ железнички правец или сега како што слушаме дека се сега тие сепак со технички елементи кои условуваат брзина од минатиот век на железницата и кои ќе ја прават и ако така се направи и ако ги дадеме сите пари, ќе ја прават апсолутно неконкурентна на другите видови на транспорт. Ако АМБО се направи и тече нафтата, се разбира од таму, од тој правец, нема потреба веќе за железнички транспорт на нафта, деривати, на тие флуиди итн.

Треба Владата да не го прескокнува ова прашање. Јас разбирам зошто сега се поднесуваат овие амандмани, треба да се излезе со некоја процена што станало до сега со парите што се таму и што е можно сега и како е можно да се направи, во кој рок и со кои иницијативи да се расплете тој чвор. Засега како што е тоа е мртов капитал, таму се фрлени парите, никој не кажува дали некогаш ќе го доградиме, ќе го градиме, како ќе го градиме, што ќе го градиме итн. Најнормално во таков случај пратениците да даваат амандмани и со тоа не се решава проблемот, но барем да го држат прашањето актуелно затоа што Владата тоа прашање го прескокнува, го премолчѕва.

Од тие приачини, еве збор и ќе гласам за тој амандман затоа што едноставно мислам дека Македонија осиромашува токму така што недоквакани проекти, влегува неподготвена и ги трошат парите, а потоа за 300 илјади евра ќе им го загорчиме животот, да развеме, со рестрикции кај условите за отпуштање за технолошки вишок , луѓето , итн. Апсолутно е потребно не да се каже дека не се прифаќа амандманот, туку да се каже Владата што планира со тој проект за да не биде овој пристап и овој сув однос према едно такво круцијално прашање.

Прво, за комплексноста на тој проект на коридор 8, а друго што сме направиле, сме ги фрлиле ли тие пари, како ќе им ја вратиме вредноста на тие пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Андов, јас мислам дека треба да зборуваме за амандманот. Вие сепак три минути зборувате концептуално. За тоа можеби имаме посебна точка или по општа расправа по текстот тоа можете да го кажете.

Дали некој друг бара збор? (реакција на некој од пратениците во салата)

Се извинувам ова не беше зборување по амандманот. Ако следевте, ова не беше зборување по амандманот. Овде се спомна АМБО , се спомна ова, за амандманот точно не беше зборувано.

Ве молам кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 16 гласале за амандманот, нема воздржани, 45 се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете г-дине Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе сметам дека не беше добро што упаднавте така во зборот на колегата Стојан Андов. Ние сепак мислам дека коректно се држиме. Со амандманите, минимални се дискусиите, нормални се, толку колкушто треба, и не може при нашите дискусии до збор да бидеме роботизирани и да се држиме тотално до амандманот. Можеме да направиме и одредена дигресија која што е во функција на тој амандман. Дискусиите воопшто не се во опструкција на оваа седница.

На ваквото ваше интервенирање при нашите дискусии сметам дека ќе опадне квалитетот во расправа и сметам дека тоа не треба да го правите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски, прво јас упаднав , ако веќе така ме дефинирате дека упаднав при крај. Инаку, расправата на г-динот Стојан Андов ја прифаќам, но за друга прилика , во друго време или може и по друго прашање ако е како општа расправа по буџетот или по текстот.

Затоа процедуралното не го прифаќам дека има овде некоја грешка.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма 3, потпрограма 30 ставка 481 и на  раздел 09002, програма 2, потпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљосковски.

Го молам претставникот на Владата да се призесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За хидросистемите и за браните на вештачките акумулации кои се врзани со хидро системите Владата има посебна програма која ја финансира и конкретните одлуки за пооделни објекти врз основа на средства во буџетот ги носи Владата на Република Македонија согласон законот, така што не можеме во буџетот да прифатиме директна интервенција на еден од проектите ви за ви другите. Тие средства се прераспределуваат подоцна со одлука на Влада.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре токму и тоа кога со одлука на Владата ќе ги распределувате средствата да имате средства предвидено и за хидросистемот Иловица бидејќи 1998 година беше изградена брана во состав на овој хидросистем со капацитет од 490 илјади метри кубни. Истата се користи за наводнување на 90 хектари земјоделска површина и за водоснабдување со чиста вода за пиење во седум населени места, со 9 илјади жители за која што намена е изградена и фабрика за вода  и систем од примарна и секундарна мрежа од 80 км.

Меѓутоа, неколку годишниот период на експлоатација на браната се јави проблем со појава на наноси што по мислење на стручни лица го има намалено капацитетот на браната за околу 100 илјади метри кубни. Значи, браната е со зафатнина од 490 илјади метри кубни, но само за неколку години 100 илјади метри кубни помалку може да собира вода, поради овие наноси. За да може да се елиминира тој проблем е изработен проект за изградба на 4 каскади на главното течение на реката со вредност од 5 милиони и 397 илјади денари. Проектот е изработен од страна на Заводот за водоснабдување и од страна на водостопанското претпријатие “Струмички Слив” -Струмица. Поднесен е во управата за водостопанство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но до ден денес не е реализиран и покрај многуте ветувања од страна на одговорните лица на Управата.

Бидејќи постои опасност за само неколку години браната да нема зафатнина на вода туку да биде наполнета со нанос, значи постои сериозен проблем од уништување на овој проблем ако на време воопшто не се интервенира. Токму заради итноста на проблемот со хидро системот на Иловичка Брана, сметам дека треба да биде прифатен овој амандман, да се гласа за него и да се оделат пари кои под итно ќе бидат пренаменети за изградба на овие 4 каскади.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Бонева.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 17, против 44 пратениви, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 13001, програма 3, потпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма 3, потпрограма 30, ставка 481и на раздел 09002, програма 2 , програма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Илија Србиновски, Никола Груевски и Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дин потпретседателе.

Амандманот не се прифаќа. Тој е ист како и претходните. Средствата за изградба на патишта не се оваа ставка на почеток , се во фондот за патишта. Не можеме да го прифатиме амандманот, а за овој патен правец средства се двојат од Фондот за патишта и се реализира.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг се јавува за збор?

Има збор г-дин Илија Србиновски, повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам г-дине потпретседателе,

И вас како потпретседател на Собранието јасно ви е за кој правец се работи, патот Плетвар - Битола, сметам дека од тие причини треба да се одвојат средства за овој пат бидејќи претставува автопат од регионален и републички аспект, овој пат е многу фрекфентен и потребно е да се домодернизира и да се донаправи, затоа што имаме доста сообраќајни несреќи. Ако ви кажам дека на вчерашниот ден при едно мало невреме, се случија 4-5 сообаќајки, а тие ја чинат Република Македонија и според тоа овој пат како што реков е регионален пат и значаен од републички аспект, треба да се одвојат средства и што по итно да се направи тој пат, бидејќи претставува едно големо одвивање во сообраќајот кон тој правец.

Затоа предлагам што по итно да се направи за да се избегнат овие незгоди. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во насока на подршка на овој амандман јас сакам да кажам неколку работи.

Прво, зошто во секоја буџетска расправа има амандмани за патниот правец Плетвар - Прилеп - Битола. Тоа што го кажа колегата Србиновски е точно. Овој правец навистина е фрекфентен меѓутоа, за денешните услови во кои што живееме и денешниот патен сообраќај кој што го има во Република Македонија за овој патен правец со еден збор може да се каже дека е заостанат за денешното време. Кој не поминал таму, тој не знае. Факт е дека многу мина поминале и добро знаат каков е тој патен правец.

Со овој амандман не се бара кој знае што, се бара само износот 6.000 да се замени со 10.000, значи 4.000 разлика, што не е некоја голема, меѓутоа се смета дека и со толку малку средства може да се дојде до некоја цел поточно да се оди во правец на модернизирање и реконструкција на тој правец.

Почитувани пратеници од оној патен правец кој што некогаш сегашниот претседател на Република Македонија во изборната кампања вети дека ќе имаме патен правец модерен преку Бабуна за кој што се направија три или четири столба кои што личат на мост, од него нема ништо и нема да има како што е тргнато, а сепак Прилеп да не Заборавиме и Битола се некаков центар на Република Македонија и би требало малку повеќе да водиме сметка за овие градови во смисла на тоа да ги подобриме овие патни правци кои што очигледно се во таква состојба која што е најголема причина за сите сообраќајни несреќи кои што се случиле.

Мислам дека Владата треба малку посериозно да обрне внимание и повеќе средства да обезбеди во тој правец. Заради тоа сметам дека овој амандман требаше да биде прифатен, ако веќе не е прифатен пратениците да го изгласаат.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџовски.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот,

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 19, против 37, воздржани нема.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, програма 3, подпрограма 30, ставка 481 и на раздел 09002 , програма 2, подпрограма 21, ставка 413 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Никола Груевски, Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дине потпретседателе, овој е сличен амандман со другите, на истата позиција, само за друг патен правец, со истото образложение дека тие средства се во Фондот за патишта. Под услов дури и да помине ваков амандман тие средства нема да се употребат за патишта, таму се за друга намена и затоа не го прифаќаме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претставникот на Владата амандманот не го прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувани колеги, г-дин министер,

Овој амандман има една голема историја со повеќе децении, имено со години се провлекува и тука овој истиот амандман. Јас би го потсетил министерот кој беше пратеник, долгогодишен колега, ние се знаеме, исти вакви амандмани како пратеник ги предлагаше до било кој министер, во иста методологија, на ист начин, но се лутеше кога добиваше одговори негативни. И, треба нас да не разбере зошто ако доаѓа некој во функција на министер од улица или незнам како, г-динот Поповски доаѓа како стар, искусен парламентарец и знае што е улогата затоа што ние секоја година добиваме разно, разни ветувања и приказни во исти контекст од ова што не насочуваат. Кога ќе бараме иницијатива, кога се бараат средства за било која иницијатива во делот на инфраструктурата не упатуваат до Фондот за патишта. Кога ќе се обратиме до Фондот за патишта, па вие не сте влегле во буџетот, од таму треба да ни сугерираат, па, министерот треба да ви даде согласност, така да си играме пинг-понг.

Ова го зборувам и сигурно дека нема расположение, министерот не сака да направи некој исчекор, ние како пратеници во оваа година, некаде на почетокот на годината направивме иницијатива од 30-тина пратеници и донесовме работен заклучок во Собранието на Република Македонија со што ја задолживме Владата да изготви начин,

да изготви програма со што би отпочнал патниот правец прва фаза Миладиновци - Свети Николе, втора фаза Свети Николе - Штип и потоа во третата фаза Штип - Делчево - Граница и Штип - Струмица - Граница.

Ова стои како мртва иницијатива и ние, еве ја користиме можноста, знаејќи која е моќта на министерот за финансии, знаеме дека се слуша неговиот збор и не е прв случај да ни се случува многу пати да се врши пренамена на средствата по раздели, затоа што тоа може да го направи министерот Поповски како влијателен во Владата, од тие причини ние поднесовме амандман, затоа што цениме дека овој патен правец Свети Николе - Миладиновци отвора простор за изградба на тн. Источна магистрала. Не сакаме сега да правиме компарации, не сакаме да споредуваме што би значело тоа, затоа што се создаваат некои антагонизми да секогаш ние, од овој дел на Источна Македонија, не да зборуваме со негативна конотација дека не треба да се гради и на другиот дел на Македонија, никогаш не сме спомнувале ниту пак сме гласале во Парламентот дека не е нужна потреба да се гради патот Скопје-Тетово-Гостивар. Во најмал случај не рековме, рековме едногласно, се согласивме, ја поддржавме иницијативата, знаеме дека тој патен правец со таа фрекфенција беше најоптоварената делница. Со тоа го решивме.

Исто ние сега бараме, како пратеници, затоа што и ние сме тие кои даваат пари, средства, ние сме даночни обврзници, со тоа што сакаме да се видат ефектите и во источниот дел на Македонија. Малку ме разочаруваат колегите пратеници кои доаѓаат од Источниот дел на Македонија да не реагираат. И ако е некоја политика на Владата, да речеме, да не се прават никакви измени во делот на амандманите, со тоа што би се нарушил целиот буџет, но сигурно е дека пратениците од Источниот дел на Македонија треба да се вклопат во оваа дискусија, да кажат што е поентата.

Да не зборуваме што ќе значи скратувањето на патниот правец Миладиновци - Свети Николе во два правци, а така наметнува и Методологијата, да во двата правци се скратува за 70 км. Тоа што значи патниот правец, почнувајќи од Ново Село - Струмичко и Делчево до главниот град до центарот на Република Македонија, до градот Скопје, ќе биде скратено за 70 км. Што тоа автоматски значи? Тоа е заштеда на гориво, безбедност, а да не зборуваме за овие зимски услови. Знаеме дека во зимски услови, еве оваа година па и немаме некои обилни врнежи со тоа што ако паднеше снег на патниот правец Свети Николе - Куманово имаме застој и на патниот правец Велес - Свети Николе - Штип, кај месната заедница Сарамзалино имаме застој. Со години се укажува. Да не зборуваме какви се патиштата. Оваа делница, посебно помеѓу Овче Поле и Велес е делница на

крвави сообраќајќи. Изгубени се илјадници животи. Нема ден да нема сообраќајка, да нема штета, да нема некој повреден и загинат граѓанин на Република Македонија.

Ако сме ние партиципиенти и ако сме ние тие кои го полниме Буџетот на Република Македонија, сигурно дека и државата треба да ни врати. Ова што министерот ноншалантно кажува "во Буџетот не е предвидено, обратете се до Фондот за патишта", ние сме се обратиле икс пати, пратениците од Источниот дел на Македонија. "Не можеме да ве ставиме во програмата, затоа што програмата е изготвена". Велат - имаме утврдено некои методи и програми што нам ни ги наметнува Владата. Сега, кому ние да се обратиме? Ако не е надлежно Министерството за транспорт и врски, што се оглушува дека не е во нивни компетенции, ако не е Фондот за регионални и магистрални патишта, каде ние да бараме сега, каде да се обратиме за да може да се изгради еден патен правец што е во функција на пола Македонија? Ова се провлекува со години. 40 години овој амандман стои нереализиран. 40 години.

Знаете што? Испаѓа дека сите оние кои биле во Парламентот, така наречени политизери се неспособни од Источниот дел на Македонија. Затоа што не можат да направат еден притисок да се направи еден патен правец кон Источна Македонија. Дали треба, во оваа држава се наметнува пракса дека луѓето се наметнаа, дека ако земеш оружје ќе ги добијеш правата или ако излезеш на улица и ги блокираш патиштата, ќе го добиеш тоа. Мислам дека влегуваме во една многу драматична ситуација во Република Македонија. Што значи? Треба ние да апелираме, како пратеници од тој дел на Македонија, дека треба да правиме граѓанска непослушност, да направиме да се иницира оваа проблематика за да тогаш дојде повратна информација од Владата или ресорните министерства да можат да размислуваат дека треба нешто да се гради во Источниот дел на Македонија. Ако тоа е решението и, ако тоа е правиот лек, мислам дека на граѓаните и така им е преку глава, многу работи, да го искористиме и ова како метод, што не е популарно, да ги повикаме на граѓанска непослушност, да испадне дека се блокираат патиштата и така имаме доста проблеми од политички аспект, сега да се наметнуваме и за инфрастуктурен објект, да ги користиме и злоупотребуваме граѓаните?!

Мислам дека треба да има разбирање, мислам дека треба да има разбирање во Владата и би го замолил министерот за финансии, затоа што може да направи, не еднаш ни се случило со ребаланс. Ние зборуваме за некоја транспарентност. Ни се случувало Владата да одлучува, може таа со амандман да направи поместување од една до друга стапка, односно да се направат поместувања во делот на стапките каде што можат да се изнајдат средства за финансирање.

Во името на сите тие пратеници кои тука дискутираа, кој ја потпишаа иницијативата, тоа се некаде 30-тина, кои гласаа, кога Парламентот едногланско гласаше за оваа иницијатива, кога направивме задолжение, направивме работен заклучок, со кој што ја задолживме Владата, барам во име на сето тоа да во 2005 година, така ни беше укажано. Еве, почеток на годината е, кога се прават проекции на Буџетот, кога се прават програмите на фондот за локални и регионални патишта, да овој проект како таков влезе во 2005 година. Тоа е нашето барање.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-дине Даневски.

Пред да му дадам збор на г-динот Трајановски Коце, сакам да му се извинам, со оглед на тоа што како предлагач на амандманот требаше прво нему да му дадам збор а не на г-динот Даневски.

(Пратеникот Даневски дофрла од место).

Не сте вие господине Даневски, предлагач па затоа требаше прво на г-динот Трајановски. Примете го моето извинување.

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине потпретседателе,

Нема врска кој е прв, кој е втор, но предлог, како што кажа и колегата Даневски, за да се изгради овој патен правец во Источна Македонија, најверојатно треба во некоја од следните влади министер за финансии или за транспорт и врски да биде од источниот дел на Република Македонија и ова да му биде една од првите задачи. Ова малку како политика.

Она што сакав да го кажам е тоа што министерот рече дека овие средства се предвидени во фондот за магистрални и регионални патишта. Еве, го отворам Предлогот на буџет во делот на Фондот за магистрални и регионални патишта. Тука, тие средства се намалени. Во 2003 година биле 3 милијарди и 270 милиони денари, во 2004 година биле 5 милијарди 163 милиони, а во 2005 година се предлагаат 4 милијарди 25о милиони. Тоа знажи намалување за 17,7%. Значи, јас не знам од каде ќе се најдат тие средства кога севкупните средства во Фондот за магистрални и регионални патишта се намалуваат за скоро 20% во однос на 2004 година. Така што укажувањето на министерот дека таму треба тоа да го бараме, сметам дека не држи и најверојатно дека и таму сигурно нема средства.

Од тој аспект го предложивме овој амандман токму тука. Се работи за патниот правец Миладиновци - Свети Николе, со продолжување понатаму за Штип, Радовиш, Струмица и кон граничниот премин со Република Бугарија. Сметам дека со ова ќе се заштеди, со изградбата на оваа делница, во прва фаза, од Миладиновци до Свети Николе. Ќе се заштеди време, ќе се заштедат средства, а што е најважно сметам дека ќе се придонесе за побрз економски и севкупен развој на овој дел од регионот на Република Македонија.

Не се загрижени само пратениците од Источниот дел на Македонија. Загрижени се сите пратеници во Република Македонија да овој правец, оваа втора или трета вертикала, како да ја наречеме, во Република Македонија биде изградена во еден модерен автопат.

Покрај останатото ова го предлагам како амандман малку и од локал-патриотизам, што се вели, затоа што во претходниот мандат бев избран од изборната единица 65 во која што спаѓаат и Миладиновци и Средно и Долно Коњари и Сушица кои спаѓаат или се до од Скопскиот регион и се многу блиску до Свети Николе. Со правењето на овој патен правец, делот на овие населени места што ги сомнав сега, навистина ќе доживеат свој препород во развојот, во комуникацијата со Градот Скопје и обратно.Затоа овој патен правец треба барем симболично, за него да се издвојат средства, следната година можеби повеќе, за да може да се почне со изградбата на овој пат.

Инаку, би сакал овој пат во некоја догледна иднина да изгледа како патот Скопје-Тетово-Гостивар, кој навистина е добар. Сметам дека треба да се трудиме, пред се и над се патната инфраструктура во Република Македонија да ја доведеме во што подобро ниво на експлоатација.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трајановски.

За збор се јави г-споѓа Лепиткова Соња.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам, г-дине потпретседател,

Овој пат, како пратеник кој се има потпишано на Иницијативата дека треба да се подобри патната инфрасруктура во Источна Македонија, со цел за поголем развој на овој регион, бидејќи знаеме што значи инфраструктура, тоа е крвоток на развојот, меѓутоа овој пат би се согласила со излагањето и со ставот на минстерот дека овој проблем, не се

решава со поднесување на амандман. Посебно на амандман во оваа висина на средства. Навистина, треба да настапиме посериозно, поорганизирано, во смисла да се направи еден проект, поиздржан за да можеме да ја подобриме таквата состојба со инфраструктурата во Источна Македонија да овозможиме севкупен развој.

Меѓутоа, овие популистички дискусии од типот дека треба да имаме министер за транспорт и врски или за финансии од Источна Македонија, па тогаш да го решиме тој проблем мислам дека не држат, бидејќи во претходната власт имавме премиер од Источна Македонија, кој можеше и те како многу да направи. Дури, доживеа и лична несреќа на овој патен правец Штип - Делчево кај местото Чардаклија, па не се помести ништо и повторно се инвестираше во Западна Македонија. Треба да се запрашаме зошто тоа е така? Бидејќи ние како држава средства што се огромни за финансирање на вакви проекти тешко да обезбедиме за завршување на проект во еден определен рок. Затоа знаеме како се прави тоа. Некои колеги подолго време сме биле пратеници и министри и кога обезбедуваме и средства и кредити и концесионерство за овие прашања, ние не можеме да укажеме, туку ни покажуваат каде и како сакаат да вложуваат.

Треба да правиме напори за заживување на овој регион, да ја понудиме оваа делница можеби и на концесија, да ги видиме сите аспекти за таквиот чекор и да делуваме во тој правец. Јас верувам дека и министерот за финансии сегашен и министерот за транспорт и врски, иако не е од Источна Македонија, ќе направиме се да ја подобриме инфраструктурата, особено во делот на Штип - Делчево - Велес, па и понатаму, па и понатаму кракот кон Струмица. И не само пратениците од изборните единици 3 и 4, туку и останатите треба да дадат поддршка. Меѓутоа, не со амандманско решение што бара средства само за да направиме популизам овде или за да можеме да закрпиме некои дупки што на тој патен правец во некаква фаза сега се завршени. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Лепиткова.

Г-дине Трајановски имате реплика, повелете вашите три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не е реплика, не мора како реплика да се сфати, како говор,

Значи, на мојата почитувана колешка сакам да и одговорам дека ова не е популистички. Ако смета дека е популистички, нека им објасни на граѓаните од Источниот дел на Македонија дека е ова популистички.

Фразите, како што ги кажа во нејзиниот говор од типот "ќе направиме се" за да биде во најдобар ред, сметам дека се навистина само големи фрази. Бидејќи нема ниту еден денар за ова "ќе направиме се", а практично значи ќе направиме ништо бидејќи нема ниту еден денар предвидено во Буџетот на Република Македонија. Зборувам конкретно за овој патен правец.

Затоа, сметам дека колешката треба да се ангажира повеќе со оглед дека е од парламентарното мнозинство, бидејќи имаше Информација за овој патен правец, имаше и заклучок, според кој заклучок требаше Владата да постапи и една од првите активности беше токму во овој дел. Сега, пак ќе речете во Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта, но, 17,7% се намали тој буџет. Не знам од каде ќе се најдат тие средства? Евентуално може од донации. И тука треба да биде ангажманот на соодветните министерства од Владата на Република Македонија, да го стават во приоритетите. Тој проект да биде приоритет за да се најдат средства да ова се исфинансира.

Овој проблем континуирано се провлекува од осамостојувањето до днеска. Меѓутоа, сеуште нема никакви ниту минимални активности за овој патен правец да почне да се гради.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трајановски,

Со оглед на тоа што господинот Трајановски е предлагач на амандманот тој најави дека не е реплика туку дека е говор. Дозволете, после тоа имате повторно право да зборувате.

Сега има збор господинот Даневски Слободан.

Повелете господине Даневски, по втор пат.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Да не остане недоречено пред македонската јавност, станува збор за магистрален пат. Ние имавме заклучок од цела година, што беше обврзувачки за Владата на Република Македонија, затоа што го изгласа Парламентот. Дали ќе гласа госпоѓа Лепиткова сега или не, тоа е нејзино право. Дека има празна реторика "ќе направиме", "ќе видиме тоа", гледаме со години, од таа работа нема ништо.

Ако Собранието донело заклучок и ако ја обврзало Владата а за една цела календарска година не е направено апсолутно ништо, не знам кое време треба, кој треба да подготви, кој треба кого да кани, кои концесионери, една празна реторика, да не кажам

сеење на магла. Апсолутно или сакаме да ги изместиме работите или не ја знаеме проблематиката.

Она што ни се случува, да не зборувам за Пробиштип кој умира на рати, како мртов град или Свети Николе, од вакви дискусии тоа ни се случува, ни се враќа како бумеранг. Затоа што не се бориме. Зборуваме дека Пробиштип е сега град на зомби. Град кој беше со перспектива, сега умира на рати.

За ова, за господинот Најдовски, да не остане недоречено, на пример, кога би дошле вие, би поднеле за ваше село Кравари амандман, јас би гласал за него. Јас очекував да вие сега, како потпретседател, а не вие ми кажувате дали јас сум поднел амандман. Па јас поднесов 50 амандмани за 12 години. Имам поднесено 50-100 амандмани за ова и што сме направиле со амандманите? Ништо, апсолутно ништо не сме направиле. Сега било - зошто не си поднел. А, виновен е Слободан Даневски што сега не се потпишал на амандманот. Ма немој, богати. Од каде оваа филозофија. Јас сум поднел амандмани. Сто пати е расправано во Парламентот за Свети Николе. Дали знаете дека Свети Николе уште не пие вода? Две години. И, што треба да направам сега? Да земеме, да ископаме бунар оттука за Свети Николе да му однесеме вода? Тоа ли е образложение?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, господине Даневски.

Јас воопшто не го оспорив вашето право да дискутирате, туку јас кажав дека според Деловникот, како предлагач, требаше господинот Трајановски да има предност. Ништо друго не реков.

(Пратеникот Даневски дофрла од место)

Во ред, тоа е Ваше мислење.

За збор се јави господинот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во мојата дискусија ќе дадам поддршка на овој амандман, затоа што сметам дека неколку битни точки треба тука да се потенцираат и мислам дека сите можеме да се усогласиме околу тоа.

Прво, се работи за удирање на темелите на една нова стратегија на сообраќајната мрежа во делот на Источна Македонија, за која што се потребни само 10 милиони денари. Ние тука разговараме за 10 милиони денари. Не зборуваме за големи средства.

Навистина е потребна таква стратегија што има политичко, економско и социјално значење. Јас ќе говорам за тие значања.

Второ, се работи за магистрален меѓународен правец, што го поврзува главниот град на Македонија, Скопје преку Штип со два гранични премини. Делчево со Република Бугарија и Срумица со Република Бугарија и Дојран со Република Грција, со што се скратува патувањето за 70 км., од овие места во Струмичко, Кочанско, Малешевскиот дел, Штипско, до границата со Србија и Црна Гора и понатаму средна Еврпа.

Трето, се рботи за економска димензија. Најголемиот дел на раноградинарското производство од Струмичко, Радовишко, Кочанско, се транспортира во делот на патниот транспорт, патнот сообрќај преку границаста на Табановце. Така што има и свое економско значење.

Втор дел на економската димензија е дека сегашниот патен правец што оди преку Велес и Свети Николе за Штип може да биде користен само за стопански цели, затоа што поминува низ најплодородниот дел на Овчеполието.

И на крајот, политичката димензија дека конечно, со оваа нова стратегија се удираат темелите на една политичка и социјална праведност на граѓаните на Република Македонија, сите да имаме исти услови при користењето на модерна сообраќајна инфраструктура.

Тоа се моите аргументи во прилог на овој амандман.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор пратеникот Стојан Андов.

Повелете господине Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине потпретседателе, јас се јавувам да го поддржам овој амандман.

Фактички, станува збор за една рационална политика, политика која и последниот селанец од тие подрачја знае дека е рационална и дека  од некое чудо, не се остварува токму  проектот за овој пат. Ние сега, цел тој дел од Свети Николе, па и Штип, мора да одат преку Катлановско брдо, мора да одат до Велес, па на Катлановско брдо, наместо со овој сосема скратен пат до Миладиновци, каде нема никакви тешкотии да се изгради. Нема таму тешки објекти.

Затоа мслам дека формален одговор е добро,  тоа не е за Буџетот туку е за програмата за патиштата. Но ние нема да ја видиме таа програма за патиштата. Таа

програма за патиштата ќе ја усвојува Владата. Некој збор ќе биде потребен да се каже овде, бидејќи посебен заклучок донесе Собранието. Да се каже заклучокот што го донесе Собранието, а на чија линија е овој амандман има друг третман во Владата, да го оствариме преку тој и тој документ, а не да каже само се отфрла амандманот. Едноставно амандманот истакнува нешто што никој не може да оспори дека е потребен сега. Затоа ние сега го поддржуваме амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Сега се враќаме со сите овие дискусии на тоа што ако колегите внимателно не слушаа ќе сфатеа тоа што го реков јас. Јас не сум против тоа да се изгради патниот правец и било кој патен правец во Источна Македонија. И дека тоа не е проблем што се решава со амандман. Тоа е многу посериозен и покомплексен проблем и така треба да му се приде. Не да му се приде волонтерски со амандман од пет или 10 милиони денари кој што не можат ни проектантски да делуваат.

Јас би била среќна, доколку реплики на оваа дискусија, или дискусии кои се однесуваа, ќе дадеа колеги кои што сега влегоа во Парламентот и навистина од срце се трудат да ја подобрат состојбата. Меѓутоа, колеги кои што од самиот почеток се овде во Парламентот, или биле претставници на Владата и сега вака ревносно како членови на опозицијата се залагаат за патниот правец и толку се грижат за граѓаните, тоа е она што мене ме посочи да дискутирам во тој правец во нивниот одговор, а не за потребата за изградба на ваков правец. Тоа е тоа што сега го слушнавме од господинот Андов и од господинот Ѓорчев, како поискусни парламентарци, кои што ја знаат оваа проблематика, дека ова е проблем што треба да го решава Владата. Министерот за финансии е овде и тој дискутира по овој амандман дали го прифаќа или не, а не дали постои потреба за проект за изградба на скратен пат, или заобиколница, на која што конкретно се однесува патот Миладиновци-Скопје. Тоа Владата во својата програма за патишта, посебно во Источна Македонија, можеби и ќе го стави како приоритет и ќе биде како наш успех. Меѓутоа, не на ваков начин да се дискутира. Еве конкретно ако се очекува, јас ќе кажам дека ќе поддржам секаков амандман, кој што ќе оди во прилог за подобрување на патната инфраструктура во Источна Македонија. Меѓутоа, не поддржувам дискусии кои се обичен популизам и тоа ќе го кажам и повторно ќе потенцирам дека ние имавме и премиери и министри од Источна Македонија, кои што ниту ги адаптираа патиштата, а не да

зборуваме дека поднеле проект и дека се залагале пред странските инвестициони банки, или донатори или кредитори за изградба на вакви објекти. А господинот Даневски да не се грижи многу за Пробиштип, Пробиштип ќе се движи по нагорна линија и ние веќе одиме кон тој тренд и јас секогаш со своето делување, во многу правци се покажува како размислуваат граѓаните на Пробиштип. Секогаш во последно време застануваат зад позицијата. И при изборот за претседател, се надевам и за локалните избори, хидросистемот "Злетовица" се гради, рудникот "Злетово" ќе почне да работи, така да повторно ќе кажам, таму каде позитивно се работело, повторно така ќе продолжи.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ве молам зборувајте за амандманот.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

И другите зборуваа не само јас.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

За време на дискусијата на госпоѓата Лепиткова се пријавија господин Трајановски и господин Андов.

Повелете господине Трајановски имате реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе навистина жалам што волку се возбуди колешката Лепиткова Соња, дури амандманот го нарече волонтерски, популистички и не знам како. Значи таа заборави дека ние имавме посебна точка на седницата на Собранието на Република Македонија на која што се донесоа заклучоци. И наместо да го поддржи овој амандман и да се извини што не била една од предлагачите, имаше можност да предложи амандман со многу повеќе средства. Малку се навистина средствата. Но целта наша беше да го потсетиме министерот и Владата на Република Македонија дека ги заборавија заклучоците од информацијата во врска со овој патен правец. А мислам дека оправдувањето поради неподнесувањето на амандман од нејзина страна, во напад на тие што поднеле амандман, мислам дека воопшто не треба да е стратегија и тактика на еден пратеник.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Госпоѓа Лепиткова имате една минута за контра реплика.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Господине Трајановски, јас воопшто не се возбудив и не познавам дека некој магистрален пат се изградил со амандман. И овој пат тврдам дека тоа е така. Ниту реков дека нема да гласам. Доколку внимателно сте слушале, сте слушнале што сакав да кажам. Така да не се секирајте за тоа како јас се чувствувам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Господине Андов имате три минути реплика.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас не сум меѓу потписниците на овој амандман ни пак непосредно не се чувствувам искаран од госпоѓа Лепиткова што сме поднеле амандман, меѓутоа, мислам дека паметно направиле што поднеле амандман.

Сите ние овде кога гласавме за тие заклучоци, гласавме меѓу другото за заклучоците што беа по информацијата од пратениците, а 20 пратеници беа потписници, или 30 пратеници. Имаме некоја обврска да издејствуваме, макар со поднесување на ваков амандман, зошто сосема го премолчува тој заклучок Владата, а Буџет се донесува. Тоа е работата, не е ништо друго. Сега госпоѓата Лепиткова ни објаснува големи приказни дека со амандман не се прави тоа. И нека не гласа за амандманот, никој не ја тера. Ние знаеме како се прават патишта, ама ни амандман не сакаат да се усвои овде. Тоа е работата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Повелете госпоѓо Лепиткова имате една минута контра реплика.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Господине Андов, вие со години бевте на власт, со години бевте еден од првите луѓе на оваа држава и на овој Парламент и ништо не направивте, ниту со амандман, ниту со информација. Јас потпишав информација и зад тоа ќе стојам до крај. Реков дека магистрален пат не се прави со амандман. Амандманите кои што јас ги поднесувам, и овој пат кои што од моја страна се поднесени од страна на Владата се прифатени. Значи треба да имаме сериозен пристап какви амандмани поднесуваме и дали тие се во функција на некакво подобрување.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине потпретседателе.

Би кажала неколку збора во поддршка на амандманот и некои свои размислувања. Јас сум видно разочарана од сигналите кои идат од парламентарното мнозинство кое гласаше за заклучокот кој го доставивме до Владата околу овој патен правец. Сите се согласивме дека крајно созреале потребите овој патен правец како нужност се изгради. Како тоа ќе го направи Владата, како ќе обезбеди средства, требаше до сега да слушнеме, меѓутоа не слушнавме ни збор иако помина повеќе од година дена кога тој заклучок беше усвоен и тука морам да истакнам свое разочарување, затоа што бев убедена дека  Владата е извршна власт и токму, обавувајќи ја таквата своја функција ќе размисли и ќе најде можности и начини за реализирање на заклучоците кои ги донел овој законодавен дом. Со тој заклучок, ние ја разбудивме надежта кај жителите од Источна Македонија,  дека конечно ваквото прашање кое е витално за нив ќе биде решено, а сега со овие сигнали, со одбивањето на амандманот и со сигналите кои доаѓаат од парламентарното мнозинство дека нема да го поддржат ние ќе ја умреме и таа последна надеж на жителите на кои навистина, живот им значи овој патен правец. Можеби е точен заклучокот дека средствата кои се во амандманот внесени, не се доволни да се изгради ваков магистрален пат, меѓутоа,  и те како се доволни да се отпочнат и да се отворат работите и во меѓувреме да се изнаоѓаат можности за дополнителни средства тој пат да се заврши. Затоа постојат и етапи во изградбата. Не се градат магистрални патишта преку ноќ и со потполно обезбедена финансиска конструкција, туку сите се градат етапно.

Јас навистина посакувам пратениците да се потсетат дека гласаа за заклучокот и да гласаат за амандманот, да не умре надежта и да отвориме барем една етапа во изградба на овој магистрален пат, со надеж дека во  меѓувреме...

(Потпретседателе ве молам да обезбедите услови за работа. Сепак мислам дека сме на парламентарна седница, а не сме на пазар) и ме разочаруваат искажувањата дека амандманот бил волонтаристички. Амандманот не е волонтаристички, туку е реално можен, ако добие поддршка и дека нема да го наруши Буџетот и ќе отвори можност барем за етапно решавање на овој патен правец.

Јас немам друго што да кажам, се надевам дека парламентарното мнозинство ќе размисли за што гласаше пред една година и дека сега нема така брзо да ретерира во ставот и да не го поддржи она  за што силно се залагаше, за да докажеме дека не сме навистина политикатни, туку навистина се грижиме да се реализираат заклучоците кои ги донесува ова Собрание.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска. За збор се јави господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван потпретседателе, еве и јас сакам да се придружам да го поддржам амандманот кој што е поднесен од колегата Даневски. Не дека тие пари се доволни да се изгради еден патен правец, можеби нема ни 100 метра да се изградат од тој пат, но еве отворивме дебата за овој проблем. Тоа е добро да се отворат дебати, посебно за прашања кои што веќе се дебатирани во Собранието на Република Македонија и кои што веќе се изгласани и донесени зе заклучоци, а Владата не ги реализира. Јас тоа го спомнав и во мојот говор за Буџетот дека тоа што ќе се донесе во Собранието на Република Македонија како највисоко тело во државата, бидејќи ние сме парламентарна демократија, тоа е закон за Владата на Република Македонија и мора да го реализира. Нема тука простор за размислување и нема простор за некои избегнувања на обврските кои што ќе произлезат од Парламентот.

Оваа дебата се надевам дека ќе влијае позитивно, Владата конечно да сфати дека мора да го слуша Собранието. Мора да слуша тоа што пратениците како закон или како заклучоци ќе го донесат овде и да ги реализира тие заклучоци или закони.

Инаку потребите од изградба на овој патен правец беа дискутирани на цела една седница на Собранието на Република Македонија, така да јас верувам дека едно 50 до 60 пратеници зборуваа на таа тема. Не би сакал сега повотно да зборувам за тие потреби, само ќе кажам дека околу 400 илјади жители се со лоша патна врска со главниот град на Република Македонија Скопје. Тоа значи дека целиот овој регион струмичкиот, штипскиот, кочанскиот, свети николскиот, се отсечени од главниот град. Ние гледаме дека се што се случува, било во економијата, било во нешто друго, од другите делови од живеењето во државата, се случува во Скопје. Не можеме ние да очекуваме некои работи, како бизнис во југоисточниот дел на Македонија како Струмица да очекува некој од Скопје, или пак од западниот дел на Македонија да дојде во источниот дел на Македонија за некоја соработка, или за било какви потреби да си купи нешто или тн. да склучи некој договор, кога има многу подобри решенија, може многу побрзо да стигне до Солун и може побрзо и побезбедно да си ја заврши таа работа, како што е сегашната ситуација со патните правци во Република Македонија.

Владата да изнајде можности и начини да си ги реализира заклучоците од седницата на Собранието и да се прифати овој амандман како позитивен, еден така момент за отпочнување со изградбата на овој патен правец. 10 милиони денари нема да

ја нарушат макроекономската политика на Буџетот за 2005 година, а ќе биде еден позитивен сигнал дека Владата ќе си ја заврши задачата која што ја има добиено од Собранието на Република Македонија, а со тоа ќе покаже како прв чекор оние што треба да ги спроведуваат законите ги почитуваат и дека се враќаат на правиот пат да почнат конечно да ги почитуваат законите на Република Македонија. Со тоа што Владата ако не ги почитува законите, што да очекуваме од граѓаните на Република Македонија да ги почитуваат.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Стаменков.

Збор има господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван господине потпретседателе, немав намера да се вклучам во расправата, но од многу дискутанти кои изразија загриженост за изградбата на патните правци во Источна Македонија, еве јас ќе земам збор да помогнам во расчистувањето на работите.

Прво, очигледно дека  локалните избори ни почнаа. Од дискусиите на неколкуте пратеници кои не потекнуваат од Источна Македонија, можеби во животот еднаш или два пати поминале по тие правци. Јас како пратеник кој доаѓа од Делчево, кој секојдневно патувам, знам точно што граѓаните бараат и што и е потребно на Република Македонија поточно на источниот дел од Република Македонија.

Прво, ја поддржувам потполно дискусијата на госпоѓата Лепиткова, односно нејзиното излагање беше реалност. Автопат не се гради со амандмани. Да помогнам да ги расчистиме работите. Да не се сфати дека  ние сме против изградбата на патиштата. Апсолутно не. Јас сум еден од потписниците на заклучоците и ќе се залагам истите да се спроведат до крај.

Затоа предлагам на една од наредните седници, ние потписниците на заклучоците да бараме информација од Владата до каде е стигнато со реализација на заклучоците. Ние во заклучоците ја обврзавме Владата да отпочне со реализација.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Апостоловски ќе ве молам, во ред, ќе побарате информација. Сега да зборуваме за амандманот.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Само да ја довршам реченицата. Да бараме што е направено со реализацијата, бидејќи таму беше заклучено да се отпочне.

Второ, добро е што Владата во 2003 годиа и 2004 година почна со реконструкција на овој патен правец и за една година е реконструиран патниот правец Штип - Кочани, што беше и најголем интерес на граѓаните.

Затоа, нема да го поддржам амандманот, но ќе го поддржев амандманот да беше за реконструкција, односно продолжување на реконструкцијата на овие патни правци.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Апостоловски.

За реплика се јави госпоѓата Лалчевска.

Вчера на онаа кординација која ја имавме ние се договоривме по амандманите, на никој да не му се оспори правото за дискусија предлагачите да дискутираат некаде околу по пет минути и ако некој има евентуално да додаде, со оглед на тоа што некои се пријавуваат по два-три пати.

Сега се јави за реплика госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине потпретседателе,

Некако се почувствував прозвана во обраќањето на господинот Апостоловски затоа што тој цени дека јас не сум од Источна Македонија и што имам да зборувам за патен праве кој треба да се гради во Источна Македонија.

Како прво јас сум пратеник во Собранието на Република Македонија, значи тука нема Источна и Западна Македонија, тука има Република Македонија и пратеници кои се во Собранието на Република Македонија и сите подеднакво се задолжени да се грижат за подобрување на животот на граѓаните во Република Македонија. Јас тргнував токму од тоа.

Многу добро знам колку многу им значи овој магистрален пат на луѓето од Источна Македонија затоа што господине, ако не знаевте, јас потекнувам од Источна Македонија и тоа од онаа клучна точка што го блокира постојано патот Велес - Свети Николе од Сарамзалино. Вие многу добро знаете колку таа точка ве блокира зимно време, а и јас добро знам затоа што потекнувам од тоа место.

Затоа дадов поддршка за амандманот и затоа тврдам дека треба да се отвори ова и да се отпочне барем етапно. Сосема сум свесна дека средствата во амандманот не се доволни да се заврши патниот правец. Меѓутоа, ако нешто не почнете не можете ни да го завршите.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Една минута господине Апостоловски, контра реплика.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателе,

Точно знам од каде потекнува госпоѓата Лалчевска, но за оваа релација за која зборуваше околу Делчево ја немам видено, а ако сака јас ќе ја прошетам да ги види сите паркинзи направени за време на владеењето на нејзината партија во периодот 1998-2002 година кои чинеа по 100 илјади евра паркинг простори, а не се реконструираше патот.

Имаме фантастично изградени паркинзи, но, за жал, пропаднати мостови и патишта.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Збор има повторно предлагачот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателе, мислам дека амандманот ја постигна својата цел, го актуелизира ова прашање повеќе од максимално, само мислам толку се навредија колегите од позицијата што го поднесов овој амандман, па ако министерот вети дека ќе се ангажира со разни други начини дека ќе го актуелизира прашањето, може да го повлечеме амандманот, не е проблем.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Трајановски го повлекувате амандманот?

Амандманот може да се повлече или да се гласа за или против, а за ветување, тоа е сосема друго.

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Многумина пратеници мислат дека малку претеруваме, јас би ги замолил малку да се сослушаме и дообјасниме. Амандман како амандман даден во Парламентот може да има многу големо значење, а тоа е страшно орудие. Со амандманот можеме да им ја зацрниме судбината и на граѓаните  и на природата и не знам што. Патишта се градат баш со амандман. Како ќе кажеме патишта се градат со копање, не, ни случајно овој амандман доаѓа како рефлексија на заклучокот кој го изгласаа и многу пратеници кои доаѓаат од Изборна единица 3 и 4. Ова го инициравме благовремено затоа што во проекција е буџетот на Република Македонија. Ако се усвои буџетот, а ќе се усвои, тогаш не можеме ние како пратеници со амандман да интервенираме. Ние сега интервенираме

со амандман да издвоиме, иако се минимални средства, кои средства ќе се најдат за да почне да се размислува и да се прават првите почетни работи околу проектот како изработка на Физибилити студија, дали проектна задача и не знам што. Во тој контекст е и ова барање. Знаеме дека амандманот може да смени се и ако има доблест министерот може да прибави, тоа не значи дека ќе се наруши балансот во буџетот, тоа се минимални средства во буџетот, ќе се даде импулс повеќе, ќе се направи иницијатива, ќе се отпочне со размислување. Во тој контекст беа сите наши укажувања за отпочнување на тој магистрален пат.

Го делиме мислењето дека магистралниот пат ќе чини многу пари. Но тоа дека амандманот не прави патишта, напротив, амандманот прави патишта, амандмнот прави се, затоа што со амандманот можеме да измениме многу работи во буџетот многу ставки затоа што бројките се тие што кажуваат. Се знае оперативата, патишта се прават со механизација и со копачи.

Благодарам.

(Во 13,25 часот со седницата продолжи да раководи господинот претседател Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Андов, а потоа госпоѓа Лалчевска.

СТОЈАН АНДОВ:

Не намеравав да се јавувам, првиот пат се јавив заради тоа што сакав и чувствував некоја обврска заради заклучокот на Собранието сепак да го изнесам мојот став по овој амандман и по ова прашање.

Она што ме загрижува што овде во нашата дебата, на страна амандманот, туку се воведуваат лични напади на луѓето. Ако влеземе во такви расправи никаде нема да отидеме. Ништо нема да постигнеме.

Задоволство ми е што сите го предлагаа амандманот и што го поддржаа, барем не почувствуваа кај себе присуство на омраза или гнев да се нафрлат на некого, тие што поинаку мислат. Нормално е различно да мислиме. Нормално е да имаме сила да го ислушаме другиот, да си го кажеме своето, ќе гласаме кој како мисли да гласа, ама да не се обидуваме луѓето да ги провеуваме потполно неосновано и без врска со амандманот.

Затоа уште еднаш кажувам дека ќе гласам за овој амандман, ништо не ме поколеба, ни еден аргумент што беше изнесен овде, бидејќи ни еден аргумент не го сметам за релевантно поврзан со овој амандман и со овој патен правец.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе, со оглед на тоа дека се разви една непотребно жестока дискусија од некои пратеници, јас чувствував потреба уште еднаш да се јавам.

Јас не знам зошто толку се уплашија дел од пратениците од парламентарното мнозинство од овој амандман, па нивните напади не одеа на сметка на амандманот и на конто на амандманот, туку на конто на пратениците кои го бранат овој амандман. Дали ги уплаши фактот што еднаш гласаа за заклучокот и дадоа поддршка на таквата иницијатива и сега се ставени во позиција да гласаат против овој амандман кој е произлезен од таквиот заклучок и кој ќе ги отвори можностите за реализација на она што е содржано во заклучокот, или чувството дека навистина се ближат локалните избори па таквата постапка ќе им ја ослабне позицијата на пратениците во населените места кои гравитираат на овој патен правец, затоа што со гласањето против амандманот ќе умре надежта на сите оние граѓани кои живеат по овој патен правец. Така да господинот пратеник не мора мене да ме прошета во Источна Македонија, јас многу добро ја знам Источна Македонија и можам сосем сама да ја прошетам и да ги забележам сите недостатоци кои ги има инфраструктурата таму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 18 за амандманот, 7 воздржани и 33 против амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците.

Овие четворица што сега влегоа да не ги броите, полека има време, од овде до вечноста патот е голем.

Го поништувам гласањето бидејќи во салата беа присутни 55 пратеници.

Ве молам седнете на своите места.

Амандманот повторно го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 21 за амандманот, 7 воздржани и 35 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3А, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 482, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Караџоски има поднесено амандман на постојна ставка за нејзино зголемување од 62 на 80 милиони и многу е интересно образложението.

Дозволете да прочитам.

Бидејќи сметам дека средствата што се предвидени со Предлог буџетот не се доволни за овој проект.

Господине Караџоски средствата се точно толку предвидени колку што е потребно за оваа фаза на изградба и за тоа се толку ставени и тука има и меѓународни средства и доволно се тие. Не треба да сметате дека се недоволни.

Амандманот не се прифаќа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро почитуван министре, како што кажавте значи доволни се за оваа фаза, инаку барем ме радува што не сум ја утнал ставката, барем средствата се предвидени во Министерството за транспорт и врски, тоа сум го погодил. Но, иако ми е јасно дека овие средства не се само од буџетот, сметам дека со зголемувањето на средствата за 18 милиони денари дека можеме да дојдеме до една побрза завршница не само во оваа фаза итн. Бидејќи министерот кажа дека се доволни јас ќе го држам за збор, ќе го потсетувам во текот на годината како ќе оди таа фаза, значи кажа дека средствата се предвидени 62 милиони доволни за оваа фаза, значи јас ќе го потсетувам во текот на годината и еве го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3S, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Средставата за капитални дотации се обезбедени на исто ниво од 2004 и во 2005 година, не се намалуваат, тие ќе бидат зголемени со другите дотации кои ги даваме по основ на даноци кои се веќе усвоени ДДВ, персоналец и други, а дополнително на тоа се одземаат од функциии на држава каде што се предвидени за плаќање на инвестициите од странски донатори кои не плаќаат ДДВ и акцизи, мораме самите да ги платиме затоа што во тие проекти кои тие ги донираат даноците не се плаќаат. Ако вака се направи, тогаш ќе запрат донациите за изградба на инвестициони проекти од странство затоа што токму од таа ставка се одземаат и врз основа на тоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, мене не ми смета и до Нова Година да работиме и да ја чекаме Нова Година овде.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ако може мобилните да се исклучат.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Значи амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 6 за амандманот, нема воздржан, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3-S, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии. Повелете министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Во рамки на предвидените 150 милиони за идната година за овие намени, Владата ќе го решава и проектот со Браната "Лошана" за да се доврши. Нема потреба од дополнување. Во рамките на тие средства со програмата ќе бидат издвоени овие средства.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, му благодарам на министерот на одговорот и го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3-S, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е истиот амандман, само е поднесен од Комисија. Не го прифаќаме со истото образложение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Бидејќи истиот амандман е од Комисијата, јас мора да го ставам на гласање.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Гласале 58 пратеници, 6 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан, 51 пратеник гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Подпрограма 3-S, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ѓорѓе Паљошковски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е ист како и претходните во таа група каде што за одделни водоводи во населените места и селата се бараат средства во Буџетот. Тие средства се 150 милиони и во рамки на нив ќе се реализираат проектите. Дополнително зголемување не е можно. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Со овие средства што ги барам со овој амандман би се обезбедило довршување на недовршените проекти од областа на водоводната канализација, како и финансиското заокружување на проектите кои се довршени, но не се финансиски подмирени. Такви проекти има во струмичкиот регион, а посебно во општина Ново Село, па и во цела Република. Има многу такви проекти почнати, завршени, но финансиски не се подмирени и незатворени финансиски конструкции. А, министерот што рече се однесува за водовод, овој амандман не се однесува за водовод, туку за водоводна канализација. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Имаме 15 минути до пауза и можеме толку да издржиме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 10 за амандманот, воздржани нема, 46 пратеници гласале против.

Ве молам, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи, сега имаме 61 пратеник присутен во салата, амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 10 пратеници гласале за, нема воздржан, 52 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 2, Подпрограма 20, за додавање нова категорија и нова ставка по ставката 426 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на  Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не можеме да го прифатиме од причина што се реалоцираат средства од капитални инвестиции во трансфери, а за овие намени во рамки на програмите се обезбедуваат некои средства, кои се разбира, дека главната грижа за ова ја води Јавното претпријатие а не државата и најголем дел од таквата активност се одвива во рамки на јавното претпријатие кое си има посебна сметка.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Не е сосема така, министре, дел од финансиските средства се од Министерството, односно од јавните претпријатија, а дел од Буџетот на Република Македонија. Имено, до 1991 година во Република Македонија постоеше Совет за пошумување на голините при Собранието на Република Македонија, кој секоја година носеше Годишна финансиска програма за пошумување на голините. Во тој период се до 1991 година просечно се трошени финансиски средства за оваа намена во висина од околу 200 милиони денари.

Од 1992 година со измената на Законот за шумите, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги презеде ингеренциите на Советот и продолжи да ја реализира програмата за пошумување, која ја донесуваше Владата на Република Македонија. Со донесувањето на новиот закон за шуми во 1997 година целите на програмата се проширија, така што покрај пошумувањето на голините, се предвидени и други одгледни мерки во шумарството односно средствата се трошат и за гаснење на шумски пожари од пошироки размери, превентивна заштита и сузбивање на растителни болести и штетни последици во шума и шумски култури и слично. Со донесувањето на новиот закон за шумите во 1997 година за оваа намена Владата на Република Македонија донесува Годишна програма во висина од околу 80 милиони денари, од кои обично 30 милиони денари буџетски средства и 50 милиони денари од сопствени приходи.

Имајќи предвид дека е донесен просторен план на Република Македонија, кој што ние го донесовме во јуни 2004 година да се врши пошумување, а според него и според планските одредби во планот е планирано заклучно со 2020 година да вршиме пошумување на голините секоја година на површина од 1400 хектари. Знаејќи дека за пошумување на еден хектар се потребни средства во износ од 40 илјади денари, произлегува дека за пошумување на наведената површина според обврските на Просторниот план на Република Македонија ни се потребни средства во износ од 136 милиони денари. Од изнесеното се гледа дека досега планираните средства не ги задоволуваат реалните потреби. Од 1998 година до 2004 година за оваа намена утврдени и реализирани се слединте средства. Во 1998 година имаме утврдено 78 милиони денари, а реализирани 45 милиони. Во 1999 година 80 милиони утврдени, реализирани 47 милиони. Во 2000 година утврдени 80 милиони, реализирани 54 милиони. Во 2001 година 77 утврдени, а реализирани 35 милиони денари. Во 2002 година 83 милиони се утврдени а реализирани само 50 милиони денари. Во 2003 година имаме мало подобрување 80 милиони денари, а реализирани 74 милиони и во 2004 година имаме 80 милиони, а над 60 милиони се реализирани. Дел од овие наведени реализирани средства се однесуваат за пошумување на голините. Значи не сите средства кои што се реализираат и тоа е  во просек од околу 800 хектари годишно. Тоа претставува една петина од планираните 3400 хектари на годишно ниво, кои што ни се обврска од просторниот план. Од ова се гледа дека со овие средства ни одалеку не може да се извршат планираните работи, односно за да се изврши пошумување на голините според Просторниот план на Република Македонија, потребно е Републиката да обезбеди, односно државата многу поголем износ на буџетски средства отколку што се утврдувани

во изминатите години. Затоа со овој амандман се предлага обезбедување на дополнителни 40 милиони денари, односно средства кои би се употребиле за проширена репродукција на шумите, пошумивање, нега, заштита на шумите и друго, која што репрудукција има значајна улога во областа на шумарството во нашата држава. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас исто во поддршка на овој амандман, со образложение, колегата кажа доста, јас би само додал.

Навистина овие последни години воопшто не се води сметка за шумите, иако можеби ни казнената политика, ниту пак шумската полиција, нити пак ниедно средство кое што го имаме како, нели законски, не може да ги сопре граѓаните да ја неконтролирано уништуваат шумата, и ако на тоа не можеме да најдеме излез, тогаш не е лошо да се поддржи еден ваков амандман, со кое би се на некој начин подобрила репродукција на шумите, заради тоа што шумите се и нашето богатство. Во секој случај за една здрава животна средина.

Еве, јас бидејќи доаѓам од Прилеп, навистина таму е една катастрофална состојба. Од ден на ден, се помалку шума има во таа околија, меѓутоа и во сите околни. И, ако вака продолжиме, навистина ќе ја направиме  Република Македонија во една пустина. Да не заборавиме дека последиците од ова што сега неконтролирано се прави, еден ден ќе ги сносиме сите. Значи, не е на одмет да се најдат плус буџетски средства, се со цел да се покаже барем една поголема грижа кон шумското богатство. Држат и оние образложенија кои што колегата ги кажа дека некако секогаш кога се носи буџет, барем за овој дел, секогаш има премалку средства. Па, ајде денес со овој буџет да го искорегираме тоа на некој начин да помогнеме во тој правец.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да кажам дека ќе го поддржам овој амандман со оглед на тоа што состојбата во областа на шумарството е навистина катастрофална. Пред се и над се, мислам дека немаме доволно заштита од сечењето или уништувањето на шумскиот фонд кој што сега го има во Република Македонија, а да не зборуваме воопшто за пошумувањето, што значи за обновувањето на шумските насади.

Значи, со реформите во шумарството кои што настанаа пред извесен период, мислам пред неколку години кога се оформи шумската полиција, испаѓа дека таа практично се оформи само формално. Имено, ниту кадровски, ниту со опрема, средства и возила не беше доволно опремена, за да би можела да одговори на задачата за која што таа беше поставена. Сега, само во скопско пред неколку дена и во весниците читавме дека во Скопска Црна Гора, шумите неконтролирано и масовно се сечат и се уништуваат. Јас сум бил во контакт со шумската полиција и тие велат дека немаат можност да правата заштита на шумите, бидејќи се малку по број и немаат доволно средства ниту мобилни телефони,коли или џипови и незнам што, како што сметам дека треба да се поддржи овој амандман, ако ништо друго барем да се даде една порака до Министерството и до надлежните институции дека овој и од кај нас меѓу другото, пратениците дека овој проблем во Република Македонија станува акутен. Затоа ќе го поддржам овој амандман. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 13 пратеници гласале за, 3 пратеници воздржани и 46 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 485 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот што ние го имаме е поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Дали за истиот зборувате?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев. Да, тие се подоцна приклучени кон другите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не можеме да го прифатиме. Во Подпрограмата 20 не постои ставка 485. Направена е некоја грешка и не можеме да видиме што е овој амандман и неможеме да го прифатиме. Не постои таа програма односно таа ставка во Подпрограмата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Господине Ѓорчев, повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине претседателе,

Значи, се работи за амандман кој што во Програма во раздел 14001 Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2, Подпрограма 20 шумарство и 485, други нефинансиски средства постои како таков во тоа или Подпрограма 48 капитални расходи во шумарството. Значи постои во она што го добивме како предлог на буџетот.

Се работи за следното. Република Македонија има некаде околу 942 илјади хектари земјиште зафатено со јаки процеси на ерозија, од кои што 150 илјади хектари се голини, а 150 илјади хектари се деградирани ниско стеблени шуми. Години наназад, речиси 15 години шумарството е оставено во милост и немилост на она што претставува пазарни законитости на стопанисување, иако се работи за двојство на интереси, јавното претпријатие стопанисува со шуми во државна сопственост. А, од друга страна мора да работи и да искажува конкурентност согласно пазарните принципи на стопанисување. Едно со друго тешко се остварува. Во таа насока се големите загуби, пред се во Јавното претпријатие Македонски шуми, кои што пак не може во делот на издвојување на средства за проширена репродукција, кои што се движат од 50 до 60 милиони денари да ги обезбеди тие средства. Оттука, како реален извор се јавува изворот од страна на буџетските средства преку Буџетот на Република Македонија, а потребите за пошумување имаат своја економска, еколошка осмисленост во заштита на земјоделските ниви, во заштита од речни наноси и поплави. Во таа насока сметам дека предложените средства обезбедуваат реализирање на програмите кои што согласно,.како што кажа и претходниот дискутант, во делот на обезбедување пошумување на оние голини и

деградирани нискостеблени површини, каде што се предвидува над 3000 хектари годишно пошумување, согласно Просторниот план на Република Македонија, а ако се знае дека во изминатите 15 години се пошумуваше едвај во просек по 500 хектари. Додека во период од 1970 до 1994 година се пошумени 115 иљjади хектари, очигледно е дека државата не води грижа за овој многу важен сегмент од човечкото живеење. Значи, се наметнува како императив ние да ги почитуваме прописите и плановите и стратегиите кои што тука сме ги донеле. Просторниот план го донесовме во Собранието на Република Македонија. Оттука, се наметнува потребата за поголемо издвојување на буџетски средства од Буџетот на Република Македонија  за пошумување. На ваков нажин ќе успееме да обезбедиме и во иднина годишна сеча од околу 1 милион хектари да обезбедува учество во бруто општествениот производ некаде околу 3 милјарди денари. Да обезбедува 200 илјди метри кубни техничко дрво, да обезбедува 700 илјади кубни метри за огрев и 100 илјади метри кубни за отпадоци да го одржиме тој континуитет, да го оддржиме годишниот прираст од 1,8 милиони кубни метри дрво и да го одржиме прирастот по единица хектар од 82 метри кубни. Значи, средствата се потребни и нема на кој друг начин да бидат обезбедени. Ако не ги обезбедиме Просторниот план ни е само некоја фикција, не е реалност. Значи, го донесовме само колку да го донесеме, од што мораат да го донесеме, ама не ги почитуваме одредбите на Просторниот план. И на крајот, наместо пошумени предели во 2020 година ќе имаме зголеме број на голини и деградирани нискостеблести шуми. Значи ако не го направиме ова во 2004 година, ќе го направиме 2005 или 2010 година, меѓутоа е неминовност. Што побрзо се соочиме со тоа дека ние на шумите мораме да гледаме како на витален фактор, зачувување на климатските односно обезбедување соодветни климатски карактеристики на територијата на Република Македонија, определен број на врнежи, елиминирање на сушите и сето она што претставува зачувување на водните ресурси на Република Македонија. Ќе го прифатиме овој амандман. Во спротивно, ќе се соочиме со деградирање на севкупната онаа и натаму би рекол, на сите оние површини кои сега се пошумија, ќе бидат утре под голини.

Со надеж дека ќе го прифатите амандманот, ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи, има пријавено уште еден, јас правам пауза.

Почнуваме во 15,00 часот.

(По паузата )

(Седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, како и министерот за финансии.

15,00 часот е продолжуваме со раота.

Господине Трајановски вие имате збор, може ли да зборувате сега, без министерот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да биде присутен министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, ќе го причекаме.

Уште еднаш го молам министерот за финансии да влезе во салата.

(Министерот за финансии влегува во салата).

Повелете г-дине Трајановски, министерот е дојден.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас се јавувам да кажам дека ќе го подржам овој амандман, а воедно би сакал да го минимизирам тврдењето на министерот за финансии дека оваа ставка ја нема во Буџетот.

Имено, таа е на страница 223 и 224, значи Програма шумарство, под Програма шумарство и 485 - други нефинансиски средства на страница 224.

Незнам од каде се тврдењата на министерот дека не постои ова во Буџетот за 2005 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Молам, кој друг бара збор?

Има збор министерот.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине, Трајановски не се обидувајте да бидете поголем католик од Папата.

Во Програмата 20 тоа не постои.

(Господинот Коце Трајановски од место му го покажува материјалот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

После тоа сретнете се и објаснете се. Програма 20, 30 има толку програми што ние сега имаме задача амандманите да ги поминеме.

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

(Меѓусебен договор од место меѓу пратениците Коце Трајановски, Ганка Самоилова-Цветановска и министерот Поповски).

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Ги молам пратениците кои што се во холот да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Во салата се присутни 56 пратеници.

Молам за да биде коректно службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, од кои 10 гласале за амандманот, нема воздржани и 51 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Подпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Знаете дека оваа година во еден од најголемите расходи што ги има во ставките во Буџетот се расход на средства за трансфери на земјоделие. Тоа е за над 1/4, скоро за 25% зголемен.

Амандманот предлага да се зголеми дополнително, уште за 53 милиони. Оваа стапка е веќе многу зголемена, политиката на Владата тука се промени, меѓутоа сега

дополнително зголемуање мислам дека би било на сметка на другите потреби на Буџетот и не е прифатливо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, јас се надевам бидејќи направив кворум дека ќе го прифатите амандманот.

Инаку не е ништо лошо. Значи исто мислиме со Владата. Оваа година Владата ги зголеми средствата за земјоделие. Јас предлагам да се заокружи, да не биде 547.000, нека биде 600.000. Сметам дека нема ништо да биде на одмет до колку се зголемат средствата, бидејќи земјоделието сепак е една од највителните гранки во Република Македонија и се надевам дека барем пратениците ќе имаат разбирање затоа што оваа гранка навистина заслужува поголемо внимание од сите други.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 11 за амандманот, двајца воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на Раздел 14001, Програма 3 Подпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 ,Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Драган Ѓеоргиев и амандманот на Раздел 14001, Програма 3 Подпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев кои се точки 26 и 27 од списокот на амандманите по кои се води претрес, се со иста содржина. Значи имаме заеднички претрес.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Драган Георгиев и од пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Значи тоа е истиот амандман од Жарко Караџоски, претходниот амандман, само со различна сума . Образложението е исто. Земјоделието оваа година има најголем раст од 100 милиони . Сега со овој амандман бараат уште 100 милиони. Мислам дека веќе не реално толку рапидно зголемување. Затоа Владата не може да го прифати амандманот. И без него буџетот обезбедува огромно зголемуивање на оваа ставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Благодарам претседателе.

Добро е тоа што во буџетот за 2005 година имаме зголемување за околу 100 милиони денари, во секоторот земјоделство, во однос на минатата година. Секако дека тоа ќе влијае позитивно во однос на развојот и потикнувањето на земјоделското производство во нашата земја. Меѓутоа, имајќи предвид дека вкупното земјоделско производство во Македонија учествува значително во структурата на бруто домашниот производ во нашата држава и дека преку земјоделското производство се обезбедуваат значајни средства и на приходната страна на буџетот на Република Македонија , преку акцизи за тутун, алкохол, ДДВ итн. односно дека во земјоделскиот сектор директно или индиректно се ангажирани над 400.000 луѓе и преку развојот, потикнувањето и зголемвуањето на ефикасноста ли профитабилноста на земјоделското производство, ќе се подобри економскиот и социјалниот амбиент во државата, а ќе се подобри и стандардот на живеење на населението во руралните средини, со што ќе се влијае врз намалувањето на невработеноста  на активното и на работоспособното население. Преку извозот на земјоделското поризводство во Република Македонија битно се влијае врз намалување на трговскиот дефицит во нашата земја. Сите овие причини зборуваат дека се малку 100 милиони зголемување за оваа година, иако, се разбира нема многу можности во буџетот на Република Македонија. Токму затоа е предложен овој амандман со кој се бара зголемување уште за 100 милиони денари средства за земјоделскиот сектор со цел да се обезбеди поуспешен развој и потикнување на земјоделското производство во нашата држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Ѓорчев, имате збор.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Сосема кратко, во прилог на ова што го говорев и во општиот претрес.

Мислам дека гранката која за сега од Македонија има преференција да учествува во трговската размена со ЕУ, без квоти и контигенти и без царински стапки, достапни за сите европски пазари, можноста за стопанскиот раст и воопшто за извоз во Европа, може преку земјоделското производство. Навистина, тука, без разлика како и да гледаме, за скромните можности на буџетот, јас мислам мора да се најде место за подршка затоа што одиме кон Европа, европските мотиви се јасни, таму се знае како се подржува земјоделието. Но за нашите скромни можности, она што го бараме тука е навистина минимално и се надевам барем со ребалансот ќе можеме да ги подржиме земјоделците затоа што на таков начин го подржуваме нашето чекорење кон Европа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дин Ѓорчев.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 12 гласале за, еден воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 487, поднесен од пратениците Илија Србиновски и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има Збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе, овој амандман не е прифатлив. Тој е многу радикален, предлага една милијарда од трансфери за изградба на регионални и магистрални патишта да се одземат и да се префрлат во ставка за земјоделие.

Повеќето претходни дискусии беа дека има недостаток на средства за изградба на патишта. Ако сега ги одземеме и овие една милијарда, тоа е 5/6 од  целата намена. Тогаш мислев дека таа сфера целосно ќе ја запреме и дури нема да ги извршуваме ни

меѓународните обврски за изградба на патишта, заедно со Европската инвестициона банка и ЕБРД, со меѓународни кредити. Затоа овој амандман не може да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Мислам дека еднаш во Република Македонија  треба да се свести, било која Влада , за развој на стопанството, за развој на земјоделието. За опстанок на државата, земјоделието е главен фактор

Ако зборува министерот дека се радикални овие средства, јас мислам дека треба да бидат уште по радикални за земјоделието. Од тука се произлегува. За сите преработувачки капацитети што ги имаме во Република Македонија , од тука произлегува се. Според тоа јас имаме едно кратко образложение дадено, но сега сакам малку подолго да образложам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе имате расправа по текстот .

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Од каде знаете  што јас ќе зборувам. Дозволете да се искажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Најавивте дека долго ќе се изјаснувате.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Сакам да кажам нешто сосема друго, затоа викаме дека требаат една милијарда денари. Ве молам не е за подсмев. Тоа е сериозна работа за Република Македонија . Сите чекаме од земјоделието. Ако не е уште земјоделито, готова е државата.

Јас имав една прилика да го слушам министерот уште порано кога беше пратеник во Парламентот. Тој викаше оваа држава може да опстане само од трговија. Не од трговија. Ова држава може да опстане само од земјодели и треба сериозно да си ја сфатиме работата Земјоделците во Република Македонија се во незавидна положба. Од тука потекнува тоа дека ако сакаме да произведиме 60 илјади тона пченица, да ја дадеме по 2,5 денари, една финансиска подршка, тука се 150 милиони денари. Ако сакаме да го задржиме нивото на тутун од 25 илјади тони и да им дадеме подршка од 30 денари, потребни се 750 милиони. Ако сакаме да имаме 102 милиони литри млеко, по два денари да им дадеме, тоа се 204 милиони. Или како сакаме овчо млеко до 33 илјади тони, тоа 66

милиони. Ако сакаме да имаме 60 илјади вагонирепа, по 0,70, тоа се 42 милиони. И за сончогледот, 15 илјади тони по 7 денари, тоа се 105 милиони, а каде е подршката за јагнешкото месо, семиња, вештачки ѓубрива, транспортни трошоци итн. Значи треба 1 милијарда и 900 милиони. Ако земјоделието знае да и даде на оваа држава 8 милијарди доход, нека се издвои од буџетот 1 милијарда денари и тогаш Република Македонија ќе оди напред. Земјоделието е битна гранка во Република Македонија. Затоа јас предложив ваква мерка. Постојано сите само зборуваме . Кога ќе се помогне на ова земјоделие. До кога ќе тона земјоделците. 400 илјади семејства се издржуваат од тоа. Еднаш нека се даде помош и да тргне земјоделието напред.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине министер, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да го прашам г-динот Србиновски дали е тој истиот пратеник кој пред два часа долго време зборуваше дека се потребни уште пари за изградба на патишта, заради Плетвар. Сега со овој амандман бара да се земат 1 милијарда од тие пари, од тие патишта и да се дадат на земјоделието. Претпоставувам, натаму со некој трет амандман ќе бара нешто трето. Сложена е целата работа за даможе толку едноставни образложенија да се даваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Наша работа е да бараме, вие да не давате, како што викате.

Повелете г-дине Србиновски имате една минута.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван министре, ако не сте способни да најдете средства, било за земјоделие било за патишта, поднесе те си оставка. Има луѓе што ќе ве заменат и ќе ја поведат оваа Република.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 12 гласале за амандманот, еден воздржан, 52 против амандманот.

Констатирам дека Собраинето не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 3, Потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 487, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е ист како претходниот, само сумата е различна, не е милијарда туку е 500 милиони да се одземат од Фондот за патишта.

Истото образложение важи. Не можеме да го прифатиме, за жал.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Сепак сметам дека голем дел од пратениците, па и министерот, поготово позицијата, смета дека тие барања се смешни. Меѓутоа, сметам дека и те како треба сериозно да си ја сватиме состојбата во Република Македонија , со аграрот, имајќи предвид, иако статистички се прикажува дека со земјоделие се занимаваат 20, 25%, јас ќе кажам и 50% во Република Македонија кои егзистираат од земјоделието.

Ако ги земеме сите оние 400 иљади невработени, веројатно бараат некакво вработување во аграрот. Затоа, имајќи предвид дека во цел свет, во развиените држави статусот на земјоделието има висок третман, бидејќи од него произлегува крајната, егзистенцијата на државата.

Можеби, ставките од каде се предлага да се одземаат средствата, не се популарни. Едино мислам дека во овој дел Министерството требало дефицитот на буџетот да го зголеми, дали за 500, 100, 200 милиони. Ако ние тргневме со еден дефицит во буџетот од 2.700.000.000 , можел да биде 3.000.000.000, се со цел да тргне земјоделието напред, да најдат егзистенција оние кои работат. Во таа смисла, ако имаме ние квалитетно земјоделско производство, ако обезбедиме храна, нема да купуваме жито, нема да купуваме месо, нема да купуваме млечни производи, тогаш тоа што го предлага министерот, да се намали трговскиот дефицит, токму од тој дел може да се намали, од тој кој можеме да го произведеме ние. Коли не можеме да произведеме, што

бараме таму да се забрани. Можеме тоа што го произведуваме, тоа да не го увезуваме. За тоа доколку смета од се предлага да се земаат средствата не е популарна, нека оди на ставката за дефицит на буџетот, нека се зголеми, ништо не е страшно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Шакири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Ви благодарам г-дине претседател.

Јас мислам дека вреди на овој амандман да му се посвети посебно внимание.

Иако министерот, за првиот амандман на г-динот Србиновски имаше пристап дека амандманот предвидува  многу средства, сега овој, во споредба со првиот малку е полимитизиран, поограничен и не предвидува средства, како што беа предвидени во првиот амандман.

Бидејќи самиот  буџет е посветен, наменет и ја содржи развојната компонента на државата, јас мислам, доколку инсистираме да имаме развој, јас не знам каде можеме да го гледаме тој развој, освен во гранката на земјоделието, што сега за сега, по мое мислење и може да има малку помалку инвестиции, имајќи во предвид нашето искуство и традецијата на целото население во Република Македонија, дека земјоделството било преферирана гранка и со некои земјоделски култури кои ги немаат другите држави во Европа, дури и самиот Балкан, имајќи ја прадвид и нашата професионална традиција, посебно за земјоделските култури кои директно се поврзани со климатските услови во нашата земја.

Јас мислам дека овој амандман не треба да се земе така не приметно, треба добро да се размисли, бидејќи, не треба да заборавиме, кога е во прашање развојот, треба да се направи се што е можно и овде да направиме еден преврат, во ова време што ни е преостанато, во 2005 година. Оваа колаиција, оваа Влада, овој состав на Парламентот треба да направи позитивен чекор во правец на економски развој, а економски развој не можеме да имаме и не треба да претендираме да  имаме таму каде што немаме можност, туку таму каде што имаме. Тоа е земјоделството. Таму имаме шанси, затоа треба да размислуваме за тоа. Затоа, амандманот на пратеникот, г-динот Манев вреди да му се посвети посебно внимание.

Кој како сака нека ме разбере, јас сум за тоа ова прашање да го земеме малку посериозно. Не знам министерот како го гледа ова прашање, меѓутоа јас би рекол дека тој сигурно при проектирањето на буџетот и во сите тие параметри, го има предвид земјоделието како посебна гранка на економијата и како најпреферирана гранка во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете ллг-дине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во прилог на подршка на овој амандман бидејќи се однесува на тутунопроизведителите, можеби, би рекол најсиромашниот дел од македонското население кое навистина се справува со еден од двата основни постулати на Светската банка, борба против сиромаштијата. Во Република Македонија ако некаде омжеме тој постулат да го примениме, тоа е кај 30 илјади семејства кои претежно во Прилепско и Радовишко ја детерминираат одржливоста на регионалниот развој на тие наши македонски општини и региони. Значи се работи за 30 илјади македонски семејста кои се најсиромашниот дел од македонското население и кои произведуваат вредност од над 100-тина милиони САД долари, како примарен тутун, така и секундарни преработки. Да не заборавиме дека од акциза на тутунски добра се оприходуваат над 2,5 милијарди денари. Едноставно тоа не е неинфлаторно помагање. Едноставно се елиминира сиромаштијата, се овозможува по лесен стопански раст во овие региони на територијата на целата држава и се помага и се плаќа трудот на македонските земјоделци во овие региони.

Посебно би сакал да истакнам дека во делот на тутунот двете најголеми групации, а тоа се Европската Унија и  САД, издвојуваат огромни субвенции. Кај  ЕУ најмалата субвенција изнесува 2 евра по килограм тутун до 4 евра по килограм тутун, а САД до 2010 година се определија да го помагаат производството на “Вирџинија” и “Дерлеј” со 1,95$ по килограм тутун. Македонија едноставно мора, за тоа што нема други можности, во региони каде што ништо друго освен тутун, афион и можеби некои ретки индустриски култури за кои сеуште немаме опит, во тие региони немаме друга можност освен монокултурното производство, а постои традиција, постои знаење и постои желба да се произведува. Затоа, мислам дека овој амандман е ретко издржлив амандман и во таа насока тој пат треба да го следиме и ние, ако ништо друго овие амандмани се и можност во Парламентот да се отворат некои прашања за кои навистина македонската држава и

македонската административна власт, Владата, Парламентот, ако не денес во догледно време ќе мора да најдат решенија. На тоа ќе не натера она што еден ден мислиме да станеме членка на ЕУ. Принципите на Европската Унија Македонија мора да ги применува. Принципите се најскршливи во делот на земјоделието, а ние тука ги кршиме сите принципи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 11 пратеници гласал за амандманот, 4 воздржано и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 3, Подпрограма 32, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 20, ставка 426, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има голема опасност на оваа седница министерот за финансии и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет да се согласат во многу работи.

Овие средства, господине Караџоски, се буџетска поддршка на проектот со Светска банка, што е ИФАТ и се проектирани на нивото колку што ќе бидат повлекувањата од страна на Светската банка во о.г. дополнување на нив нема потреба да има, само ќе скратиме некои други намени, затоа што повлекувањето од Светска банка е предвидено на нивото, а ова е нивна буџетска поддршка, значи тој не е наш регионален проект кој го финансираме, само буџетска поддршка на проектот од Светска банка и грото од средствата се од таму, така што ве уверувам како и за оној другиот проект дека нема потреба од овие средства, затоа што се на нивото, проектираното ниво на повлекување на средства од Светската банка. Тие се главните средства, а овие средства се само суплементарните што ги следат средствата од Светска банка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Без разлика на објаснувањето, јас сметам дека тие средства се премалку, но во ред, со оглед дека е проект на Светската банка, доволно онолку коку што кажа министерот, еве, го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски на рационалноста и конструктивноста.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 4 Подпрограма 40, ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не се поддржува, меѓу другото и затоа што ги влече средствата кои се предвидени за проекти со ЕУ во 2005 година, ја намалува таа ставка. Тие проекти за нас се еден од големите приоритети во 2005 година и од тие причини не можеме да ја намалиме таа ставка за пренос кон ветеринарните станици, а според нивото на реализација на средствата за ветеринарна заштита во 2004 година, оваа ставка е од прилика таа која ќе биде доволна за 2005 година, според проценките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Се јавувам во име на Комисијата. Ние бевме едногласни околу оваа точка затоа што се работи за Ветеринарната управа, која навистина покажа и е една од ретките управи со навистина европски атрибути и придонесе навистина многу Република

Македонија да оди во тој правец. Сите напори за изградба на квалитетни ветеринарни контроли на граничните премини во Меџитлија и Табановци за воведувањето на системот на одбележување на стоката, унапредувањето на компјутрската мрежа, борбата против бруцелозата, елиминирањето на шапот и лигавката и превентивните акции на ветеринарните би рекол доктори, ветеринарните станици и севкупната управа во Република Македонија едноставно упатуваат на тоа дека овие средства кои беа предвидени не се доволни за да го задржиме нивото кое е постигнато во така да кажам напрегнато доближување и на легислативата и на функцијата и на организацијата на Ветеринарната управа.

Оттука, сметам дека токму црпат од европската ориентација, од тој сегмент, средства наменети за европска интеграција, затоа што во тој дел на интегрирањето на Македонија со ЕУ, ветеринарството претставува еден од најбитните сегменти како граничната контрола така и борбата против зоонозите на територијата на цела Република Македонија и спречување на преносот на заразни болести од, би рекол хроничните региони, како што се северна Грција, Бугарија и Турција кои ни ги донесоа болестите "син јазик", шап и лигавка заради кои Македонија пет години беше ислучена од извозот на јагнешко месо.

Барем за овој амандман мислам дека ние во Комисијата бевме едногласни, сите се усогласивме независно од политичките определби и сметам дека има оправданост и може да биде поддржан.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 12 пратеници гласале за, нема воздржани и 53 пратнеици гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 60, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорге Палошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Досега имаше од прилика два вакви амандмани, не ги прифаќаме, затоа што прво во буџетот не може директно да одат проектите, тие се предвидени со програмите на Владите, во овој случај на Владата на Македонија, а и плус се реалоцираат средства кои служат за финансирање на проекти заедно со странските донации и кредити кои ние сме должни да ги финансираме заеднички. Не можеме да го прифатиме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете годспоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван министре,почитуван претседателе, со овој амандман, иако господинот министер кажа дека не може да биде прифатен, мислам дека треба уште еднаш барем парламентарното мнозинство да подразмисли, амандманот се однесува на тоа што земаме пари во износ од 62 иљади 565 денари од ставката на Министрството за финансии, која се однесува на купување мебел, опрема и возило и овој износ го префрлуваме на министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, со единствена цел да се изгради систем за наводнување на Маркова брана, бидејќи во Струмичко е изградена брана на Маркова Река, која веќе е во завршна фаза, направен е доведен цефковод, меѓутоа, џабе да имаме брана ако немаме систем за наводнување, тогаш не може да ја извршува во целина функцијатај што ја има браната што е зацртано во проектите. Со изградбата на ваков систем за наводнување ќе бидат наводнети околу 300 хектари земјоделска површина за атарите на селата Куклиш и Градско Балдовци. Сметајќи од колкаво значење е наводнувањето за овој земјоделски крај мислам дека ќе има разбирање кај мнозинството пратеници да го поддржат овој амандман, се со цел да дадеме можност да се изгради систем за наводнување на Маркова Брана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 9 гласале за амандманот, нема воздржани, 51 против, а во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6-а, ставка 482 и на раздел 04002, Програма 1,Подпрограма 1-А, ставка 481, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не го прифаќаме. Хидросистемот "Злетовица" е еден од најголемите инвестициони проекти во идните 10 години во Република Македонија. Знаете дека во мината година пред неполни 7-8 месеци го склучивме договорот со јапонците, тоа подразбира финансирање само од нивна страна во висина од 90-тина милиони долари кредит за овој хидросистем, каде е и грото на инвестициите.

Нашето учество таму е на тие делови од проектот, на кој се обврза Република Македонија, пристапни патишта и да не ги набројуваме сите кои се, господинот Караџоски ги знае.

Овие средства од 20 милиони денари нема значително да ја подобрат состојбата со проектот затоа што 70 милиони кои се веќе алоцирани се за таа намена и не можеме да го прифатиме амандманот. Инаку, таму и да алоцираме 20 милиони долари, нема никогаш да згрешиме, меѓутоа, има динамика на изградба која ја надминува и 2010 година и таа динамика релативно позната во овој момент и ќе се држиме до неа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван министре, бидејќи нема многу да згрешите можевте да го прифатите амандманот, не е токлу страшно. А јас пак се надевав дека барем еден амандман ќе ми прифатите. Јас имав доблест два амандмани на повлечам. Без разлика на се, можеби тие 20 милиони денари не значат ништо за ова кое се предлага, меѓутоа, целта на амандманот е да се покаже дека сепак овој хидросистем многу значи и дека треба и ние да имаме малку поголемо учество, покрај сите оние кредити и проекти за кои зборуваме.

Со оглед дека и сами кажавте дека 20 милиони нема да значат ништо, јас мислам дека сепак подобро и капка отколку да нема ништо. Значи можеше да се прифати само да не е тоа пратеник од опозоцијата, тука е образложението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 9 пратеници гласале за, 1 воздржано и 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6-в, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ова е како еден од другите амандмани кој средствата на резерва на Буџетот, кои се обезбедени и утврдени со Закон ги намалува на 30% од утврдените, што е невозможно и не можеме да го прифатиме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Да кажам зошто е наменет овој амандман, зошто се бараат овие дополнителни средства во износ од 100 милиони денари. Тие се бараат поради поплавите кои во минатото ги зафаќаа одредени подрачја во Република Македонија, вклучувајќи ги општините Гази Баба, Илинден, Арачиново и Петровец. За време на овие поплави излезе на површина проблемот на одводните канали кои не се одржуваат или се узурпирани и се

наметна потреба од проширување на каналската мрежа, со што во иднина при поплавите ќе се избегнат овие населени места да бидат поплавени, каде што е населението.

Да потсетам дека овие населени места немаат водоводи, или претежно немаат водоводи, па така немаат ни одводна канализација, така што при овие поплави излезе на површина и овој проблем. За среќа, денес во тие населени места во Гази Баба, населбата Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово, Петровец и Огњанци, се пушта една водоводна мрежа, секундарна што сметам дека е добро.

Со овој амандман кој што не е само за ова подрачје, туку е општо за Република Македонија, во областа на водостопанство, навистина ќе бидат потребни средства за да можат овие канали да бидат одводни и да бидат ставени во функција. Има влдина програма за водостопанство, меѓутоа, таму е предвидено со преструктуирање на водостопанските претпријатија и практично за отпремнини и социјални паќети на вработените кои ќе останат без работа. Сметам дека амандманот е наменски, дека е конкретен и има потреба од негово донесување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Сакам само да го поддржам овој амандман на колегата Коцевски и да докажам дека за работите кои се за доброто на граѓаните од каде доаѓаме и ние како пратеници, бидејќи е износ кој не го нарушува многу концептот на Буџетот, добро би било да се поддржи овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако добро сте провериле амандманот е од господинот Коце Трајановски а не од Коцевски.

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 7 пратеници гласале за, нема воздржани и 55 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 6, Подпрограма 6-в, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ѓорге Палошковски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот. Целите во образложението за кои се бараат овие средства се утврдени и се спроведуваат со парите собрани од солидарната дневница за штетите. Тие не се буџетска ставка, тие се вон буџетска ставка, од тие средства се исполнуваат тие намени, а овие средства се за преструктуирање на водостопанските претпријатија за кои зборував во воведното излагање и затоа не го прифаќаме амандманот. Средствата се обезбедени и се во други позиции, не во буџетската.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Паљошковски.

ЃОРГЕ ПАЉОШКОВСКИ :

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Со овие средства би се овозможило чистење на каналите и речните корита во Струмичкиот, Валандовскиот и Гевгелискиот регион. Со ова би се намалил ризикот од поплавување на овие региони при некои временски непогоди како што беше во пролетта во оваа 2004 година, а посебно доколку се земе во предвид фактот дека некои од овие канали и речни корита не се чистени повеќе од 20 години.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не можам да се согласам со констатацијата на господинот министер дека од солидарните дневници треба да се чистат и каналите. Сметам дека од солидарните дневници и парите кои се собраа и парите кои беа дадени од Буџетот на државата

сеуште не се доволни да се исплати обештетувањето на граѓаните од поплавите кои што ги зафатија.

И затоа опасноста сеуште стои од неисчистените канали, можностите од поплавите се тука присутни. Многу пати во текот на изминатата година зборувавме за потребата од чистење на каналската мрежа во целокупната држава Република Македонија, значи на целата територија на Република Македонија. Од поранешниот министер за земјоделство се тврдеше дека каналската, односно неисчистената каналска мрежа не е причината за обемот на поплавите и обемот на штетите кои што се случија во државата, меѓутоа и граѓаните од тие региони и мноштвото експерти кои што се изјаснија по ова прашање беа децидни дека  најважно од се е каналската мрежа да биде исчистена за да може непречено да се одлеваат водите кога ќе се случат поголеми дождови. И сега ако оставиме и оваа година повторно  во Буџетот на државата да не бидат предвидени една сериозна сума на пари со која што ќе се  исчистат конечно овие канали, повторно ќе имаме состојба на лечење  на последиците од поплавите, повторно состојби на собирање на пари од граѓаните на Република Македонија  преку солидарни дневници се со цел да ги обештетуваме граѓаните. Значи, подобро да спречиме отколку да лечиме. И токму во оваа функција е и овој амандман и мислам дека  и парламентарното мнозинство и сите пратеници во ова Собрание треба да размислат пред да гласаат, бидејќи овде усвојувавме информација по повод поплавите кои што се случија и во валандовскиот и во струмичкиот, гевгелискиот и тетовскиот регион и таму една од главните точки на заклучоците кои што беа усвоени беше и чистењето на каналската мрежа за одвод на атмосферските води. Значи, тоа е уште една обврска  повеќе сите пратеници во Собранието да можат да гласаат и да го поддржат овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници,  12 пратеници гласале  за амандманот, нема воздржани, 53 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020, Програма 2, Подпрограма 24, ставка 471 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не се прифаќа од две причини. Прво средствата се на нивото кое Владата го има проектирано и тоа ниво е доволно. И второ, повторно се прави одземање од инвестиционите проекти на државата и префрлање во тековни трансфери што не можеме да го поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, овој амандман се однесува на внатрешно раселените лица и овие дополнителни средства се бараат заради подобрувањето на условите на живеење на овие внатрешно раселени лица кои што ги има приближно околу 2000 во Република Македонија. Иако поминаа повеќе од три години откако се раселени од војната во 2001 година, голем број од овие лица не можат сеуште да се вратат во своите домови. Им се укинуваат доста средства од социјалната помош кои се користат за нивно згрижување, така што овие внатрешно раселени лица кои што се во домовите, а и во приватните сместувања се наоѓаат во една многу тешка положба и состојба. Тие не се раселени по своја вина, туку сметам дека тоа е како последица на војната во 2001 година. Сметам дека државата треба да ја понесе одговорноста барем додека не се вратат во нивните домови да имаат едни услови за живеење кои што се нормални, значи кои што се подносливи. Условите во кои што сега живеат, сметам дека се крајно неподносливи. Затоа и го дадов овој амандман се со цел за да се подобрат тие услови. Се надевам дека пратениците ќе се изјаснат позитивно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, чувството и говорењето дека Охридскиот рамковен договор ќе треба да биде исполнет, мислам дека се исполнува само од една страна, факт е и ова, затоа што и во Програмата имаме што ни ги дадовте како средства во Буџетот кои што ги дефинирате да се направи Дом за азиланти, а згрижувањето на внатрешно раселените лица и веќе после поминувањето на многу договори и она што требаше да го исполни Владата на Република Македонија го исполнува. Но, во однос на овие лица и понатаму остануваме со тоа што еве наредното можеби ќе ги затвориме и

нивните домови и ќе кажеме дека тие не сакаат да се вратат дома. А подобро знаете и од нас кои се условите во кои што живеат и кои се условите поради кои што тие луѓе не се враќаат. Во оваа држава имаше и порано одредени такви луѓе кои што беа внатрешно раселени, или населени во некои области и во некои домувања и не знам какви се не куќи направени колку за сместување привремено, а тоа привремено сместување тие луѓе поминаа и по 20 години во истите такви домови. Мислам дека сега не смееме ова да го направиме, иако сите заедно сакаме да го исполниме Охридскиот рамковен договор, ова е еден дел и прв дел кој што мора да се исполни пред да биде било што друго исполнето.

Затоа уште еднаш мислам дека и овие 100 милиони кои што ги предлага господинот Коце Трајановски, мислам дека Владата од резерви може да ги најде и мора да ги најде, затоа што со скратувањето на правата на овие внатрешно раселени лица едноставно погазуваме се она што до сега го говоревме дека одиме кон помирување и одиме напред. Мислам дека основен предуслов е токму овој и еден од главните услови кој што беше во Охридскиот рамковен договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 6 за, нема воздржани, 53 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Коце Трајановски Аднан Ќахил и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман и наредните неколку од истите предлагачи се амандмани кои се во функција на зголемување на средствата во основно, средно, или друг вид на образование за разни намени на штета на капиталните инвестиции на државата. Кажав дека таквите трансакции тешко можеме да ги прифатиме, затоа што се избалансирани и нивелирани на нивото кое е потребно за различни проекти кои државата ги води, а и овие средства кои се одвоени можеме да гледаме на два начина со амандманот кои ги предлагаат. Ако

не се 30 милиони доволно, 80 се доволно. Претпоставувам дека ако Владата предложеше 80, амандманот ќе беше 120 да бидат предложени и тн. Крај на тоа нема. И затоа овие амандмани не ги прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, би сакал да му кажам на министерот дека ние ќе престанеме со предлагање на вакви амандмани тогаш кога ќе бидат исполнети условите во средните, основните училишта, или високообразовните институции. Значи, се додека не бидат исполнети тие услови, ние ќе ги предлагаме овие амандмани.

Што се однесува од капиталните инвестиции, тука пишува купување на мебел, значи опрема, возила и машини. Не се работи само за инвестиции, туку и за мебел. Така што не држи објаснувањето дека влечеме од погрешна ставка.

Инаку, амандманот е наменет за осовременувањето во образовниот систем во основното образование, или поконкретно информатичката технологија. Затоа што знаеме дека нивото на образование особено од аспект на компјутеризацијата е многу ниско, а сите знаеме, тоа не треба да се објаснува што значи тоа за развојот на младата популација и нивното осознавање со компјутерите. А во прилог на амандманот оди и севкупната состојба во Република Македонија, меѓутоа граѓаните и семејствата се се посиромашни и не можат да си дозволат да си купат компјутери дома. Така што ова е можност и преку училишните програми, значи преку компјутерите кои што ќе бидат во основните училишта да ја добијат барем минималната едукација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе, ќе тргнам од една констатација што господинот министер рече дека под претпоставка ако биле одобрени 80 милиони, ние ќе сме барале 120 милиони, ако биле одобрени 120, можеби и повеќе и тн. Точно господине министре, суштината на парламентарната расправа и оформување на Буџетот е тоа што секогаш треба да се бараат повеќе пари за суштински работи, а мислам дека осовременувањето на образованието што е во катастрофална ситуација е токму тоа. Ние пратениците од Собранието не треба само да бидеме информирани колку пари се даваат, или колку пари има и образложението дека се земаат пари од капиталните средства, и средства од

капитални инвестиции на Владата, мислам дека не држи, затоа што имајќи во предвид и гледајќи по години расходите за Раздел 09002, министерот за финансии, функции на државата бележат и оваа година тренд на намалување, тренд на намалување со тоа што во 2002 година имало 246 милиони, а оваа година 146 милиони се даваат за тие капитални инвестиции, тој дел што треба да има капитални инвестиции. Очигледно дека со намалување на средствата развојната димензија ја нема. Мислам дека образобванието заслужува особено основното образование кое е темел и уставна категорија во нашата држава дојде во една ситуација имајќи во предвид дека и од Комитетот на ЕУ за меѓунационални односи ни се укажа дека основното образование во Македонија е во катастрофална состојба. И ни сугерираа како треба да работиме и тогаш беше таа идеја за билингвизам и мислам дека за воведување на таа идеја треба да има основа во креирањето на политиката во образованието. Со вакви средства како што имаме, а патем кажано дека во однос на 2004 година за 95 милиони се намалува Буџетот за образование, наука и спорт и дека сите тие развојни проекти апсолутно не можат да се доведат во прашање за да имаат таква компонента. Мислам ако се одобрат барем овие средства на некој начин ќе биде консултирана опозицијата која верувајте сака да допринесе за овој дел што се вика образование и наука, сепак образованието и науката е заедничка во Република Македонија и мислам дека би требало да прифатите ова што ние го предложивме. И пак на крај ќе кажам дека секогаш кога ќе се предлага, секогаш ќе се бараат пари и нормално за образование секогаш се малку пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 10 гласале за, 2 воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 2, Подпрограма 2Б, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман е истиот. За основни или средни училишта кажав дека не можеме да го прифатиме.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателе, значи овој амандман за разлика од предходниот се однесува за реконструкција на основните училишта, бидејќи знаеме каква е состојбата во основните училишта во Република Македонија. Во претходниот период 1998-2002 година мислам дека имаше едно поинтензивно реконструирање на овие основни училишта. Продолжи нешто со помал интензитет од 2002 година наваму, меѓутоа сметам дека не е добар тој интензитет и дека треба да се зголеми, бидејќи навистина основните училишта се наоѓаат во многу катастрофална состојба, независно дали се во градска или во селска средина. Јас би напоменал само основното училиште во Авто Команда "Стив Наумов", во Хиподром, во Ченто "Крсте Мисирков" и многу други ширум во Македонија. Затоа и го поднесов овој амандман сакајќи да и предочиме на Владата и на изготвувачите на Буџетот, ако не во овој Буџет со оглед на тоа што гледам дека нама разбирање, барем во следните буџети кои што ќе доаѓаат во Република Македонија да се издвојуваат повеќе средства или пак Владата да наоѓа донации, или не знам од кои други извори средства со цел овие основни училишта каде што учениците ги прават првите училишни денови, значи да одат на едно попристојно ниво.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски, благодарам и на нагласката.

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам потпретседтеле. Не би рекол дека овој амандман е ист, или сличен како претходниот, бидејќи се работи како што кажа господинот Коце Трајановски во врска со реконструкции на училиштата, особено основните училишта. Мислам дека училиштата од ден на ден се повеќе во нив не се инвестира. Мислам дека основната дејност на образование ќе дојде со текот на времето ќе има проблем со изведување на наставата. Јас ќе кажам еден пример каде што немајќи средства Владата, затоа образложија дека такви средства не се планирани во Буџетот. Во училиштето "Пенко Здравковски" во Чаир требаше да се отворат паралелки на турски јазик за да може да се исведува настава на турски јазик. И се даде образложение дека нема пари и не се предвидени во Буџетот, а

такви ситуации низ Македонија има насекаде по тој основ и по основ на реконструкција сигурно има таква ситуација. И на родителите им беше кажано дека треба да соберат пари ако сакаат да се реконструираат училници, или да направат други училници, или од помошните простори да направат училници. Јас се прашувам ако е тоа уставна категорија, ако е за образование на основците и родителите кои еднаш веќе платиле данок и пак да даваат донации во ситуација да им овозможат на децата да следат настава, мислам не е добра ситуација. И овде како што претходно кажав дека секогаш за образованието пари се малку. Јасно ми е дека државата има толку пари колку што има пари. Но, кога се прави Буџетот во некои ставки се додаваат многу повеќе пари отколку што реално треба, или каде што описот не е даден. Јас ќе кажам, за заеднички служби на Владата во однос на 2004 година се зголемени средствата од 500 милиони на една милијарда. Мислам дека тука нема оправданост, а дека малку средства, малку пари за реконструкција на училиштата ќе покаже дека се грижиме за тие училишта, не само за реконструкција, туку и за подобрувањето на ситуацијата за да можат во подобри услови да изведуваат настава. Јас се прашувам, ако ние немаме училишта кои и од комунален аспект и од хигиенски аспект, а и технички аспект да можат да се одвиваат на правилен и добар начин. Јас не знам како е се вклучат во модерниот тек на настава каде што компјутерите се "Алфа" и "Омега". Имаме ситуации каде што едноставно не може да се влезе во училниците, прокапува вода, дува ветер од сите страни во селските средини каде што ситуацијата е таква и во градски средини каде што имаме училишта кои се во очајна состојба. Токму заради тоа ние бараме средства за да може на некој начин да се стопира тој негативен тренд и да одиме напред, а не од година во година образованието да добива се помалку пари, а со тоа и можноста за реконструкција на основните училишта да добијат помалку средства и со тоа целокупната ситација во образованието да биде многу полоша.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Сега имаме доволен број на пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 8 гласале за, 54 против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Мислам дека еден амандман прескокнавте, ова е наредниот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Во сценариото го имаме овој редослед.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, можеме и на тој да одиме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Се извинувам, во сценариот имаме амандман поднесен од пратениците Коце Трајановски и Аднан Ќахил.

Во ред е господине министре, еве сега од секретарот е доставен другиот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 3, Подпрограма 3Б, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ова е еден од тие три амандмани што ги кажав.

Овде е драстично зголемување на средствата што се предлага, не може да се финансира од намените од кои се одзема. Пратениците кои дискутираат за тоа, забораваат дека Владата склучи меѓународен договор за инвестиции во образованието. Тоа помина во Собранието во висина од 5 милиони долари и тоа го земавме, затоа што земајќи го тој кредит обезбедивме и 10 милиони долари гранд од Холандската Влада за реконструкција во образованието. Само да потсетам дека тие 10 милиони по денешниот курс се околу пола милијарда денари. Тие се реализираат во текот на 2005 и 2006 година

и се многу повеќе од тоа што тука се предлага, така што не можеме од директните буџетски намени да премаменуваме.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

За збор се пријави господинот Трајановски Коце.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе.

Овој амандман се однесува за реконструкција на средни училишта. Претходно беше за реконструкција на основни училишта. Добра е напомената на министерот за Меѓународниот договор за инвестиции во образованието. Мислам дека е добро, меѓутоа сметам дека ние треба да инвестираме повеќе во средното образование, исто како што беше во основното образование, бидејќи огромен број на средни училишта се во навистина многу лоша состојба и овие предвидени средства што ние ги предвидуваме со амандманот сметам дека ќе бидат надополна на тоа што се предвидени средства од Владата.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Збор има господинот Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе.

Не би сакал повеќе да додадам од тоа што го кажав за основните училишта. Ситуацијата е иста или слична во однос на средните училишта. Добро е што господинот министер кажа дека имаме помош, грантови, во иднина и кредити за финансирање на образование, во однос на она што се вика реконструкција.

Но, се поставува прашањето дали ние секогаш, сета наша работа треба да се темели на грантови што ќе ги добиваме? Сигурно дека се добредојдени, помошта од надвор е добредојдена во врска со реконструкцијата и сето она што значи вложување во

образованието, особено во средното образование. Но ние како држава треба да направиме напор да ги доведеме во ситуација средните училишта да фатат чекор со модерното образование во Европската унија каде што аплицираме и каде што припаѓаме.

Со ваква ситуација, каква што е, сегашната ситуација, нашите средни училишта се во многу, многу лоша ситуација во однос на другите средни училишта што ги има во Европската унија. Мислам дека ова што ние предлагаме, сигурно се повеќе пари за да се реконструираат, но да не заборавиме дека се работи за средни училишта каде што и опремата и реконструкцијата чинат многу повеќе во однос на основните училишта.

Затоа би требало овие средства да бидат секогаш повеќе и да има тренд на нагорна линија, таа крива на вложување да има нагорна линија во вложувањето во образованието, особено во средното образование, затоа што линкот меѓу високото образование и основното образование е токму средното образование. Ние правиме реформи во средното образование, меѓутоа без добри основи во реконструкција на училишта, опремени училишта, сигурно нема да има ефект. Затоа ние предлагаме да се прифати ова што ние го предлагаме.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од тоа 6 за, 2 воздржани и 51 против.

Молам службите да утврдат дали имаме доволен број пратеници за време на гласањето.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

За време на гласањето во салата биле присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално збор бара господинот Камчев Никола.

Повелете господине Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Благодарам господине потпретседателе.

На основа на Деловникот за работа на Собранието член 64, предлагам седницата да продолжи да работи и после 17,00 часот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Дали имате поддршка од 10 пратеници?

(Пратеници креваат рака).

Има поддршка од 10 пратеници.

Пред да преминеме на гласање во врска со предлогот, молам пратениците да влезат во салата, бидејќи еден пратеник излезе и сега сме 60 пратеници.

(Пратеници влегуваат во салата).

Сега имаме доволен број на пратеници.

Предлогот на господинот Камчев го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, од тоа 50 за, 3 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Предлогот е усвоен и продолжуваме да работиме и после 18,00 часот.

Сега доаѓаме на оној амандман од Комисијата за образование, наука и спорт.

Отвоам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Потпретседателе, овој амандман Владата го прифаќа, меѓутоа со оглед дека на расходната страна од каде што се земаат средствата предлагаме поинаква распределба, ние поднесовме амандман број ИЏ од Владата што констатиравме дека стана составен дел на амандманот на буџетот и тој амандман е само корекција на овој амандман што го прифативме од страна на Комисијата за образование, наука и спорт.

Со оглед дека амандманот е веќе прифатен од страна на Владата, предлагам Комисијата да го повлече.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Значи, амандманот не е прифатен.

За збор се јави госпоѓа Лепиткова Соња, претседател на Комисијата за образование, наука и спорт.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам потпретседателе.

Амандманот е прифатен од страна на Владата, со тоа што станува збор само за техничко неусогласување. Висината на средствата што ние ги предложивме на Комисијата, буквално до денар, се прифатени од страна на Владата и тогаш на самата Комисија укажавме дека средствата треба да бидат преземени од тие ресорни министерства. Тоа што така службите го напишале, затоа што самата комуникација и времето што беше оставено дозволуваше.

Затоа го повлекувам амандманот, бидејќи има само техничко неусогласување.

Мислам дека сите членови на Комисијата се согласуваме со тоа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Значи, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 425 и на Раздел 16001, Програма 1, Подпрограма 10, ставка 401, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Потпретседателе, туку што го прифативме амандманот за високо образование. Сега ова е сличен амандман со тоа што оди уште понатаму со нивото на средства. Овој амандман е ист како претходниот, со тоа што оди уште подалеку со нивото на средства, а со Комисијата тоа го усогласивме во Владата. Тоа ниво тукушто го прифативме пред овој амандман. И понатаму опстојуваме на него, што значи овој амандман не го прифаќаме и би било фер госпоѓата Бонева да го повлече.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Дали некој друг  бара збор?

Има збор госпоѓа силвана Бонева.

Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Бидејќи Владата и господинот министер веќе го прифатија амандманот што беше од Комисијата за образование, а се однесуваше за истата намена, значи за повеќе пари во високото образование за да може реформите во високото образование, согласно со Болоњската декларација да бидат спроведени, го повлекувам мојот амандман.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Значи, амандманот е повлечен.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 426 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Министерството за финансии и Министерството за образование во текот на вчерашниот и предвчерашниот ден овој проблем го решија во рамките на Буџетот за 2004 година, така што нема потреба да се пренесуваат средства за 2005, како што предлага господинот Анастасовски.

Затоа, амандманот не го прифаќаме. Проблемот е веќе надминат оваа година.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Анастасовски Иван.

Повелете господине Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам.

Почитуван потпретседателе, господине министер, колеги пратеници,

Бидејќи министерот кажа дека проблемот е надминат, мене ми останува само да се заблагодарам и го повлекувам амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 40, ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Аднан ЌАхил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Двата предлози се во насока за обезбедување на висина од 100 милиони за намената за која се напишани овде средствата. Ако пратениците кои го предложиле амандманот повнимателно го видат буџетот и ако продолжат во графата на капитални расходи што ги предлагаат, да одат уште подесно од графата во која стои 0, инаку тие предлагаат 100 милиони, продолжат уште понатаму, ќе видат дека од самофинансирачките активности се обезбедени 179 милиони за оваа намена во високото образование. Имајќи ги предвид тие 179 милиони кои се исто така буџетска ставка што ќе ја гласаме денеска, оваа ставка е 0. Од тие причини предлагаме да остане и понатаму вака.

Значи, амандманот не го прифаќаме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор?

Збор има господин Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам потпретседателе.

Ние тоа го видовме дека има такви средства што се од самофинансирачка природа и се финансира компјутеризацијата со тие пари. Но, имајќи го предвид значењето на компјутеризацијата воопшто, а посебно во процесот на образованието, сметам дека со предложената сума ќе се оствари бенефит во високото образование и на

тој начин ќе се зголеми ефективноста во нивното учење, ќе се збогати фондот на нивното знаење, мислам на студентите.

Тоа што е битно, мислам дека информатичката технологија многу брзо гледано временски се менува и веќе сега не сме фатиле чекор со поразвиените земји. Требаат многу повеќе средства за да бидеме во тек со сите тие информатички технологии и нивната примена. Тие средства што се наменети за таа цел, а тоа е самофинансирањето 179 милиони, мислам дека се многу малку, а и овие средства што ги предлагаме се малку. Но, мислам дека на овој начин ќе се подобри ситуацијата со тоа што едноставно високото образование ќе има, да не кажам, средства на располагање за да се модернизира компјутеризацијата во високото образование.

Би требало да се прифати, иако како што рече минстерот, има средства од самофинансирањето за оваа намена. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Ќахил.

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на пратениците во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има присутни 62 пратеници, гласале 60, од нив 6 за, 1 воздржан и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Подпрограма 4Б, ставка 482 и на Раздел 04002, Програма 1, Подпрограма 1А, ставка 481, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Овде се работи за избор на пратеници, тука нема некое ограничување за кое што досега зборував. Се предлага пренамена на 5 милиони денари од градежни објекти во сопственост на државата кон градежни објекти во сопственост на универзитетите на Република Македонија, зборуваме за трите универзитети.

Владата не го прифаќа амандманот. Одлука е на Парламентот дали ќе реши за инвестиции во органите или во трите универзитети, прашање е на тие што одлучуваат за буџетот. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Поповски.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, ако е одлуката на пратениците, еве и самиот министер даде насока, значи не би било ништо страшно доколку и пратениците го изгласаат. Јас би упатил еден апел до пратениците, се работи за реконструкција на факултетските згради. Јас мислам дека сепак образованието треба да има предност пред сите овие владини институции затоа што за Владата секогаш има простор и време, но за високото образование би требало барем износ од 5 милиоини денари кои во овој случај за трите универзитети и не значат кој знае колку, но сепак да покажеме еден стимул во тој правец. Парламентарното мнозинство не треба да се плаши дека некој ќе ги кара, овој пат можат слободно да притиснат за и да покажеме еве една солидарност за високото образование.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 58 од кои 11 за, 4 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 5, Подпрограма 5А, ставка 482 и на Раздел 01002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 482, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Овој амандман предлага повеќе средства за реконструкција на ученичките домови, а зафаќа средства од функции на држава. Средствата од кои се зафаќа се наменети за хардверско и софтверско проширување на трезорскиот систем со приклучување на општините кое ќе следи во 2005 заради децентрализацијата. Од тие причини Владата не може да го прифати амандманот. Инаку, ќе имаме проблем со трезорскиот систем во процесот на децентрализација.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 58 од кои 5 за,  воздржани инема и 53 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 6, Подпрограма 6А, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Од исти причини како претходните овој амандман за жал не можеме да го прифатиме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Збор има пратеникот Жарко Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И јас би рекол дека е за жал затоа што со овој амандман се предлага реконструкција на студентските домови, значи износот од 5 милиони да се замени со 40 милиони денари. Предлагам тој износ да се зголеми за цели 35 милиони денари затоа што овие 5 милиони сметам дека се премногу малку. Сега не би сакал овде да трошам време и нерви на некого да зборувам што значи, какви ни се студентските домови, многупати сме имале можност тоа да го слушаме. Јасна е фактичката состојба таму, дека таму се катастрофални условите за нормална работа и живот. Со 5 милиони денари незнам што може да се подобри во тој дел, ниту со овие 35 кој што јас ги предлагам, кој знае колку ќе се подобри, но сепак мислам дека е повеќе од 5. 35 е повеќе од 5 и мислам дека навистина овде требаше да имаме разбирање.

Ставот на Владата веќе ни е познат, не слушнав ни еден амандман да се прифати. Би ги потсетил само колегите доколку не гласаат за овој амандман во иднина барем кога дискутираат да не ја потенцираат состојбата на студентските домови или барем декларативно да не се борат за подобрување на таква состојба затоа што едно е да се зборува. Сега имаат можност со гласање да го докажат она за кое се декларираат. Предлагам и би апелирал до колегите барем за студентските домови да имаат разбирање затоа што горе-доле сите сме биле студенти и многу добро знаеме какви се условите во овие студентски домови.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале 60 од кои 9 за, 1 воздржан и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 6, Подпрограма 6А, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Аднан Ќахил, Силвана Бонева и Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ова е амандман на истата ставка од претходната. Образложението е исто, меѓутоа овој амандман покрај другото технички е невозможно да се прифати и доколку се прифати не може да се имплементира затоа што ја зема во предвид сумата и од Буџетот и од самофинансирачките активности на студентските домови кои се од прилика пет пати поголеми отколку од средствата од Буџетот затоа што знаете дека таму дел плаќаат и студентите. Вака оставен тој не утврдува за кои средства се работи.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

За збор се јави госпоѓа Самоиловска-Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВСКА:

Мислам дека не е во прашање техничката невозможност да се реализира овој амандман туку станува збор за немање волја, а тоа ќе го поврдам со фактот што во своето експозе кое траеше 2 часа и 14 минути, министерот за финансии во сферата на високото образование се осврна само со еднаречерница во која се вели дека се обезбедени средства за работа на новоформираниот трет државен универзитет.

Ние и во таканаречената маратонска седница многу прецизно кажавме зошто сме против третиот државен универзитет, формирањето, иако нашата теза и став беше изместен од тежиштето, тоа не е затоа што сметаме дека на Македонија не и се потребни повеќе универзитети туку затоа што сметавме дека Македонија едноставно е држава која неможе рационално да издржи финансирање на толку многу државни универзитети и тоа

сконцентрирани на толку мал простор. Знаеме во каква состојба се и универзитетите во Република Македонија во кој живеат и престојуваат студентите ширум Македонија. Овие средства се бараа за нивно реновирање бидејќи условите во кој што живеат и престојуваат студентите се повеќе од очајни.

Бидејќи се нема волја да се прифати ниту овој амандман, ниту претходниот кој беше со истата намена и цел, јас се надевам барем овие средства што се предвидени во буџетот за 2005 година, за реконструкција на студентските домови, ставка која сметам дека е незадоволителна сепак нема како минатата година, овој пат ќе бидат рационално искористени, нема како минатата година да завршат за дератизација на студентските домови и тоа во некои фантомски фирми кои апсолутно немаа овластување да вршат дератизација.

Јас апелирам до пратениците сепак да го поддржат овој амандман бидејќи се работи за животниот стандар на студентите на Република Македонија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Ганка Самиловска-Цветанова.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 54 од кои 6 за, воздржани нема и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 70, ставка 425 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Владата поднесе сопствени амандмани на Буџетот врз основа на расправата во Комисијата за образование кои се однесуваат на Програмата 7 и останува ме на тие амандмани кои се во насока на зголемување на средствата.

Од тие причини овој амандман не можеме да го прифатиме.

Повелете госпоѓо Бонева.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Средствата кои што се бараат се сосема мали во однос на улогата која што ќе ја одиграат. Овој амандман конкретно е наменет за проектите на научните институции и нивното презентирање на јавноста. Со ваквата предложена измена во Буџетот ќе се овозможи институтите да ги публикуваат своите научни трудови и да практикуваат други форми на комуникација со јавноста. Затоа сметам дека треба овој амандман да биде поддржан.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Се извинувам не ве слушнав добро, рековте амандманот да биде поддржан или повлечен.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Амандманот да биде поддржан.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Останувате на амандманот.

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 од кои 3 за,  воздржани нема и 56 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во моментот на гласањето присутни беа 60 пратеници. Гласањето го поништувам. Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Имаме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме за амандамнот.

Од присутни 61 пратеник, гласале 56, од нив 3 за, 1 воздржан и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 70, ставка 464 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Владата сите амандмани кои беа во Парламентот поднесени во Програмата 7 во Министерството за образование и наука ги разгледа и врз основа на тоа предложи сопствен амандман со кој дојде до зголемување на средствата во висина од 30 милиони денари и кажав исто, сите други амандмани во таа насока, сега веќе не ги прифаќаме затоа што корекцијата ја направивме врз основа на согледувањата.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Амандманот кој што го доставив беше на 22.12. на 27.12. добивме од Владата, амандман со кој што 30 милиони денари беа одделени за научно-истражувачка дејност, значи за наука и од овие причини го повлекувам мојот амандман.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандамнот на Раздел 16001, Програма 7, Подпрограма 71, ставки 420, 421, 423, 424 и 425 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 426, поднесен од Комисијата за образование, наука и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Владата го прифаќа овој амандман, односно го прифати и врз основа на него изработи корекција во својот амандман број 8, и го достави до Собранието и тој е составен дел на Буџетот, и Владата интенцијата на изработка е токму овој амандман од Комисијата, меѓутоа тоа на расходна страна ги преработи согласно со можностите во

Буџетот. Важно приходите се само утврдени и ги молам сите пратеници кои ќе дебатираат по овие или по другиве наредни амандмани во врска со научно-истражувачката дејност, да имаат предвид дека дојде до зголемување на средствата за 30 милиони денари, мора да се каже дека тоа е вонреден напор кој ќе направи проблем на финансирање на некои други дејности и министерства во Буџетот и да го имаат тоа предвид во расправата, и да имаат разбирање. Значи амандманот е прифатлив, односно е прифатен, доставен и корегиран, и врз основа на тоа мислам дека сега веќе овој станува безпредметен, односно треба да се повлече од Комисијата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Значи министре овој амандман не го прифаќате, ваков како што е.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Вака како што е не, затоа што преработен од Владата е доставен усогласен е со Комисијата, тие знаат, и како таков е практично прифатен, формално преработен, треба да се повлече, зашто е веќе доставен од Владата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Лепиткова Соња.

Повелете госпоѓо Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам,

Како што кажа министерот за финансии, Комисијата за образование достави амандман со кој што ги даде разделите, разделот и програмите и ставките од каде што сметаме дека треба да бидат зголемени средствата, со цел да се зголемат средствата во Програмата за наука и научно-истражувачка дејност.

Ние заедно со стручните служби, овој пат сакам да искажам, да не се свати дека не сме можеле да ги направиме, бидејки Владата со своите служби од многу раздели и позиции, зеде средства со усогласвуања, кои што беа посочени и еве од стручните служби, кога претходно објаснував, ако не беше сватено, не се подразбираше дека не можеле да ги направат од незнаење, меѓутоа, суштината е исполнета.  Среедствата кои што ние ги баравме за зголемување за науката, се доделени од страна на Владата и јас навистина, како претседател на Комисијата го искажувам своето задоволство и апелирам до надлежното министерство при трошењето на парите благовремено да ги упати таму каде што се наменети. Бидејки мислам дека малку се разликуваме во висината на

средствата, јас незнам дали Деловнички, овде не се сите членови на Комисијата, не можам да го повлечам овој амандман. Незнам дали. Инаку тоа е висината на средствата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Значи амандманот не е повлечен.

Дали некој друг бара збор?

(Со седницата продолжува да претседава г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имавте заради смената 30 секунди да се пријавите.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 7 Потпрограма 71, ставка 464 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Туку што прифативме еден амандман за истата намена за кој е поднесен овој. Овој е дополнителен се работи за повеќе средства. Владата покажа разбирање, сега и г-динот Ќахил треба да покаже разбирање и да го повлече амандманот. Целта е постигната.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 7 гласале за амандманот, 1 воздржан, 51 против амандманот.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 8 Потпрограма 80, ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21 ставка 413, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, затоа што се работи за резервите на државата кои не можат да се намалат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 7 гласале за амандманот, нема воздржани, 53 против амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101, Програма 2 Потпрограма 20, ставка 463 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21 ставка 413, поднесени од пратениците Иван Анастасовски, Тасим Сулејмановски, Славе Арсоски и Владо Илиевски и амандманот на  Раздел 16101, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463 и на Раздел 09002 Програма 2, Подпрограма 21 ставка 413, поднесен од пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков, Орданчо  Тасев, кои се точки 53 и 54 од списокот на амандманите по кои се води претрес се со иста содржина.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 2, Подпрограма 20, ставка 463 и на Раздел 09002 Програма 2, Подпрограма 21 ставка 413, поднесен од пратениците Иван Анастасовски, Тасим Сулејмановски, Славе Арсовски и Владо Илиевски и од пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам за двата амандмана водиме расправа. Амандманот бидејки е еден, не се прифаќа и морам да кажам искрено дека оваа година приоритетите на Владата не се таму и овие средства се на исто ниво од претходната и тие се доволно. Приоритетите се во други сфери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Сулејмановски, имате збор.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуванминистре, колеги пратеници,

Амандманот се предлага со цел да се обезбедат финансиски средства за унапредување на училишниот спорт, во кој со години station наназад малку е вложено.

Бидејки потребата за развој на училишен спорт е повеќе од потребна, сметам дека со една поизразена финансиска подршка, од страна на државата, ќе се подигне нивото на овој сегмент, од причини што интересот на учениците е навистина, голем.

Сметам дека ќе има разбирање за овој сегмент кој е дела на Агенцијата за млади и спорт и образование.

Сакам да го потсетам исто така, почитуваниот министер дека 1999-2000 година ги држев овие часови во основното и во средното училиште и мислам дека беше една од поголемите болки финансирањето на училишниот Буџет. Со тоа ќе имаме слаби спортисти во оснвоните и во средните училишта.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ѓорчев, а потоа на ред е г-дине Анастасовски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам г-дине претседателе,

Мислам дека еден од ретките амандмани кои што заслужува внимание и од министерот за финансии, г-динот Никола Поповски и од пратениците за овој спорт, чинам дека оваа активност не обединува сите.

Спортот претставува многу значаен дел од севкупното општествено живеење и има особено значење за младите во Република Македонија и тоа јас ќе говорам само за оние спортови кои што се од таканаречените непрофитни спортови, пред се, мали спортови,

како што се кајакот на диви води, едриличарството, шахот, каратето, кои што немаат можности, освен преку дотации од државата преку Агенцијата за спорт и млади да ја остварат својата програма и да обезбедат соодветно презентирање на Македонија, меѓународни натпревари, едукација на младите и онаа воспитна категорија која што ги отргнува младите генерации од улицата  и зависностите од наркотици и од сите оние болести на современото општество. Мислам дека со 40 милиони денари, колку што имаме барање навистина можат да се обезбедат како средства барем од резервите. Навистина се работи за една нижност бидејки спортот во Македонија умира. Спортот во Македонија, ќе говорам од Шаховската организација, која што нависитна во последните 13 години на Македонија и донесе  два олимписки медали , сребрен и бронзен, и три медали од европското првенство, два сребрени и еден бронзен медал.

За една малечка земја како што е Македонија, која што по бројот на медалите е пред САД и пред Германија, пред Шпанија и пред Англија, навистина, претставува голема чест, голем рејтинг. И уште еднаш да кажам во најголем дел македонските спортски сојузи и федерации настапуваат под името Македонија. Во спортот, ние сме призната земја како Република Македонија. Нашите амбасадори, судиите, нашите спортисти во шаховскиот свет претставуваат ценети имиња  и мислам дека ако гледаме како една општа потреба на македонското општество, не би требало да имаме проблем барем као пратеници, сигурен сум и министерот така размислува, да се согласиме да го подржиме овој амандман. 450 милијони денари ништо не значат, а за спортот значат многу. Ќе воведат живот во сите овие мали спортски сојузи, ќе обезбедат на пример во делот на шахот велемајсторот Трајко Недев , кој што е еден од првите 100 играчи во светот да регрутира нови шахисти во Неготино, во Тиквешијата. Велемајсторот Никола Митков да се врати во Македонија да не избега во САД, велемајсторот Владимир Ѓорѓиев да остане во Македонија, да не живее во Шпанија. Тоа се се имиња кои што блескаат и ја претставуваат Република Македонија, како една од големите земји во светот. Македонија во шахот е во првите 20 шаховски нации. Да ви кажам дека додатоците од 300 илјади денари годишно, не се доволни да организираме ни малдинско првенство во Република Македонија. Верувајте, ова е нужност, не се бара како нешто “преку леб погача” што се вели, туку ова се нужни средства за елементарната функција на спортот, особено во овие мали спортови каде што нема билети, нема спонзори, нема реклами, нема донации од спонзорите, само добрата волја, љубовта кон спортот на луѓето кои што сакаат да ја афирмираат  Македонија надвор од границите на Македонија.

Јас апелирам до сите пратеници. Ние ќе му помогнеме на министерот ако го подржиме овој амандман. 40 милијона денари министерот ќе најде и ќе ги алиментира од друго место.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, збор има г-динот Анастасовски Иван, а потоа нека се подготви пратеникот Аднан Ќахил.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, почитуван претседател, господин министер, колеги пратеници,

Јас накратко ќе обајснам кои се мотивите за овој амандман, бидејки претходно колегата Сулејмановски, како предлагач даде едно стручно објаснување за тоа што значи амандманот кој го поднесовме како група пратеници. Она што реков дека мотивите беа од одредена група на универзитетски професори кои се занимаваат со делот на она што се вели училишен спорт кој за жал, во моментот егзистира во Агенцијата за млади и спорт, каде што во разговор со министерот баравме како може конкретно одредена сума на средства да се префрли за оваа намена, значи за унапредвување на училишниот спорт, кој за жал е во моментот во ставката во невладини организации. То ане можеше да биде така направено и се решивме на варијанта сумата која ја бараме за оваа намена да биде внесена таму во трансферот на невладини организации и за тоа мислам дека и она што значи во образложението на колегата Марјан Ѓорчев, дека навистина овде требаше да се има поголемо разбирање, посебно за училишниот спорт.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам претседателе, иако јас не сум потписник на овие амандмнаи и во едниот и во другито случај, сакам да ги подржам двата амандмана и да кажамнеколку збора во таа насока и да ги подржам, затоа што се работи за спорт. Сите ние вослободно време и надвор од зградата, зборувам за пратениците, сите сме за спортот, за помагање на спортот, но очигледнокога доаѓа ситуација да најдеме пари секогаш наоѓаме други приоритети. Впрочем , и минситерот рече дека оваа година Владата има други приоритети. Значиовие мали спортови и училишниот спорт не е меѓу приоритетите. Мислам дека треба да биде и дека таквото резонирање е сосема погрешно. Наместо ние

да овоиме пари за разни други активнсоти, кои надминуваат големи суми на пари, мислам дека 40 милиони кои се предлагаат соовој амандман се сосема малку, мали пари во однос на Буџетот на државата, во однос на држава, иако имаме мал Буџет, но се големи средства за така мали спортови, кои впорчем, се многу поголеми и подобри амбасадори од многу амбасадори кои нас не претставуваат надвор од Република Македонија во светот.

Јас сум долгогодишен спортист, сеуште сум активен, држам тренинзи и можете да дојдете сега во 18,00 часот држам часови за деца кои полагаат за звањето во карате, кои ќе бидат идни натпреварувачи кои ќе ја претставуваат Република Македонија. Патем кажано како што е и Шаховската федерација и Карате сојузот, Македонија ја претставуваат како Република Македонија , тоа можете да проверите во сите сајтови и достоинствено се презентира спортот во Македонија и она што е добрата страна со спортот во овие делови.

Зборуваме за мали спортови, училишни спортови, како што кажа пратеникот Сулејмановски, кој што немаат можност да се финансираат од реклами, од спонзори, не се интересни за пошироката маса, бидејки бараат друг третман, но мислам дека заслужуваат поголемо внимание од страна на државата, бидјеки се работи за средства кои утре или задутре на друг начин се враќаат во општеството, затоа што ние ќе ги негуваме тие спортови, терајки ги нашите млади да спортуваат, а впрочем ние сите сме свесни дека спортот е нешто најважно и најдобро што може да и се случи на младата генерација во својот период на развој.

Јас како натпреварувач своевремено, се наоѓав во ситуација да не можам да си платам свое патување во странство и се доаѓало во ситуација да имаме големи спортови кои имаат можност од разни аспекти да бидат финансирани и од државата и да бидат самофинансирани зошто таков е спортот. Очигледно дека старат девиза, “парата на пара иде”, фудбалот е најпопуларен спорт и најмногу има самофинансирачки дел и може доста да добие од државата,но овие мали спортови мислам дека не добиваат и немаат шанси тоа да го направат.

Јас мислам дека овој амандман е во ред и мислам дека во овој домен и позицијата и опозицијата и сите пратеници кои се претставници на народот и на тие млади луѓе да покажеме доблест да го изгласаме овој амандман, со тоа што овие 40 милиона, сигурно се капка од Буџетот на Република Македонија, но се големи пари и големи средства за вложување во малите спортови иучилишниот спорт и ќе значат сигурно поголем интерес за вклучување на младите во овој спорт.

Сакам да ве потсетам деа дрогата, насилното однесување и сето она што невалдините организации од Македонија укажуваат дека тие имаат нагорен тренд, сигурно ќе се спречат и сигурно ќе бидат во друга насока, ако се вложи во спортот. Еден такво почеток е разбирањето на овие пратеници да се подржи овој амандман и со тенденција надевајки се дека во идните буџети за оваа намена ќе има осебна ставка и средствата ќе бидат поголеми. Се надевам дека пратениците ќе најдат доблест да го изгласаат овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Аднан Ќахил.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Пратениците ги молам да влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве известувам дека во 18,00 часот ќе направам пауза и затоа ве молам, барем до 18,00 часот да бидеме мирни.

Имаме и претрес по текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 463, Програма 4, Потпрограма 40, Ставка 463 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Ставка 463, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е за истите позиции за кои беше претходниот амандман.

Амандманот не се прифаќа и не можеме да пренамениме пари од невладините организации за спортски активности за што и едните и другите се потребни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас не би го трошел времето, овој амандман е сличен со претходниот, износите се различни, навистина кога претходните колеги толку упорно настојуваа да го убедат

мнозинството, но не успеаа, можеби беше тесна разлиакта, јас не гледам некоја надеж дека мојот амандман ќе биде изгласан и заради тоа го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010, Програма 2, Потпрограма 20, Ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 21, Ставка 413, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа и тој не може ништо да промени со износот кој е наведен. Се работи за амандман од 500 илјади денари, тој ништо не може да промени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Самоиловска имате збор.

ГАНКА САМОИЛОВСКА- ЦВЕТАНОВА:

Најнапред би сакала да кажам, бидејќи следат пет амандмани кои бараат поголем и посоодветен финансиски третман на дејностите од областа на културата, би сакала една генерална забелешка, за да не се повторувам на сите пет поединечно.

Сметам дека предвидените средства за финансирање на програмите од дејноста на културата не се задоволителни  во Предлог буџетот за 2005 година, но сепак вината првенствено би ја лоцирала кај министерот за култура, бидејќи имаме еден парадокс. Иако во 2004 година, беа предвидени и беа доделени помалку средства за финансирање на дејностите од областа на културата во однос на 2003 година, сепак истите тие средства не се искористени целосно и со ребалансот на буџетот во 2004 година се одземени, ако може така да се каже.

Дозволете ми само да ги прочитам ставките каде и колку е земено. Да речеме во издавачката дејност со ребалансот за 2004 година се земени 3 милиони денари.

Во библиотечната дејност се земени исто така 3 милиони денари,

Во филмската дејност 500 илјади денари.

Во музичко-сценската дејност се земени 2.500.000 денари

Во заштитата на спомениците на културата се одземени 7.000.000 денари и

Во ликовна и музејската дејност се земени 4.000.000 денари.

Оваа прилика ја користам да апелирам до министерот за култура и онака малите средства да бидат доделени за финансирање на дејностите од обласа на културата целосно да ги користи, бидејќи гледаме дека секој нареден буџет имаме помала ставка за финансирање на овие програми.

Сега поконкретно би се осврнала на библиотечната дејност и целта на овој амандман е да имаме посоодветен финансиски третман на библиотечната дејност, бидејќи знаеме дека библиотекарството има исклучително значајна улога не само во функција на зачување на книжевниот фонд, туку едукатнивниот процес на целокупната популација.

Од тие причини на библиотекарството му е потребна односно неминовна реформа да се подржуваат континуирани реформи со цел истото да се модернизира од аспект на технолошка опременост како би биле во тек со европските трендови на библиотекарството. Инаку во моментот  европското библиотекарство и светското библиотекарство се карактеризира со едно мрежно поврзување, значи начин на функционирање односно електронско библиотекарство.

Република Македонија , за жал, е далеку и од мрежното поврзување на библиотеките и од електронското библиотекарство, но се надевам дека во следниот буџет, повторно ќе кажам, доколку рационално се користат и целосно средствата, ќе имаме унапредување на библиотечната дејност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 10 за, еден воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010, Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 21 Ставка 413, поднесен од пратениците Ганка Самоиловска - Цветанова и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Амандманот е на листата 57 и се работи за филмската дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Немаше потреба толку да чекаме можеше веднаш да каже министерот дека не се прифаќа, бидејќи немам алузии дека другите амандмани ќе бидат прифатени, но да не прејудицирам ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но вие дискутирате по амандманите, ако немате алузии.

ГАНКА САМОИЛОВСКА: ЦВЕТАНОВА:

Овој амандман се однесува на зголемвуање на средствата за филмската дејност и во оваа прилика би сакала да го потенцирам значењето не само на филмската уметност воопшто, туку и на филмската индустрија која е една од движечките индустрии во моментот не само во европските текови, туку воопшто во светските текови.

Со еден посоодветен финансиски третман кој би го имале македонските филмски уметници и воопшто филмската дејност во Република Македонија сметам дека македонската кинематографија може на многу полесен начин да стане дел од големото европско филмско семејство, значи од европската кинематографија, но истовремено би станала и конкурентен производ на европскиот индустриски пазар.

Овој финансиски третман е особено значаен од годинава па натаму значи во иднина, имајќи во предвид дека Македонија стана полноправна членка на најголемиот Европски филмски фонд тоа е ЕУРО - ИМАЖ кој функционира односно финансира филмови на принцип на неколку странски копродукции. Би потсетила дека голем број на европските филмови кои се номинирани за оскар меѓу другото еден од добитниците тоа е Босанскиот филм “Ничија земја” беа финансирани и подржани токму од ЕУРО -ИМАЖ.

Република Македонија од минатата година е полноправна членка, но сеуште не искористила средства од овој филмски фонд.

Во таа насока апелирам да биде подржан овој амандман како филмската дејност би имала по соодветен финансиски третман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 8 за амандманот, 2 воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 5 Потпрограма 50, Ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Ставка 487, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да е произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со овој амандман се предлага пренамена на средства определени за изградба на регионални и магистрални патишта кон трансфери во културата. Тоа не можеме да го подржиме и дополнително што не можеме од капитални инвестиции во тековни трансфери да преместуваме, повторно ќе кажам, од причини што конкретно и пратениците кои ги поднесуваат овие амандмани за тоа забележуваа најмногу. Сега би било добро ако е реална забелешката да не се поднесуваат вакви амандмани, а ако забелешката била тогаш да се каже едно, а сега да се бараат пари од инвестиции во тековни трансфери, тогаш мислам дека не е во ред.

Амандманот не е прифатен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА -ЦВЕТАНОВА:

Мислам дека овој амандман и те како треба да биде прифатен, бидејќи станува збор за поголема финансиска подршка на програмите за заштитата на културното наследство.

Македонија е земја и една од ретките земји која може да се пофали со така богато и значајно културно наследство, наследство од голем број на цивилизации кои живееле на овие простори и оставиле свој белег.

За жал културното наследство мора континуирано да се негува и тој соодветен третман навистина чини. Од друга страна културното наследство може да биде и доходовно, бидејќи до колку се стави во функција на севкупниот развој на државата ,

доколку се стави во функција на културен туризам може да обезбеди и дополнителни приходи за државата.

Од тие причини сметам дека овој амандман треба да биде подржан.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 9 гласале за, 2 воздржани, 49 против.

Присутни се 66 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 Програма 6 Подпрограма 60 Ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 Ставка 487, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од истите причини како и претходните, да не ги повторувам, амандманот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа .

Повелете г-ѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Исто така сметам дека овој амандман треба да биде прифатен, бидејќи на ликовната дејност исто така и треба посоодветна финансиска подршка имајќи во предвид дека ликовните уметници во моментот се најголемите амбасадори на Македонската култура во светот.

Од тие причини уште еднаш апелирам пратениците да го изгласаат овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 11 гласале за, 2 воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 9 Потпрограма 92 Ставка 464 и на Програма А, Потпрограма А-2 Ставла 442, поднесен од пратениците Роза Топузова - Кареска и Јордан Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа затоа што средствата за дотации на единиците на локалната самоуправа кои се утврдени се утврдени со закон и не можеме да ги намалиме средствата кои натаму се исплаќаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-ѓо Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕСКА:

Станува збор за амандманот со кој се бараат средства за поддршка на млади таленти и сметаме дека навистина многу малку средства од буџетот воопшто се оделени за поддршка на млади таленти не само од областа на културата како што се ликовното и музичкото творештво, туку напротив и млади таленти кои се бават со наука и спорт.

Меѓутоа, ние овде баравме конкретно за поддршка на млади таленти кои се бават со дејности о културата и сметаме дека иако не бараме некое големо покачување и зголемување на средствата, сепак ќе придонесат и ќе помогнат за овие млади таленти да можат да бидат помогнати со што тие би не претставувале и нас и нашата култура адекватно пред светската јавност и на културната сцена на цела Европа.

Меѓутоа, зошто баш зедовме средства од децентрализацијата, мислевме дека со оглед дека локалните избори се одложуваат за неколку месеци, па средствата кои се наменети за децентрализација во културата би биле сосема доволни да се реализираат во останатиот период од 12 месеци.

Тоа беше образложението, но мислам ако не од таа ставка дека секако треба да се прават напори што е можно повеќе средства се оделат за поддршка на младите таленти.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Во подршка на амандманот навистина јас и колешката Топузовска побаравме смешно малку пари за толку благородна работа. Мислев дека ќе имаше доблест министерот да го прифати амандманот со оглед на тоа дека за пренесување на надлежностите на локалната самоуправа во сверата на културата ќе има и странски донации така што сметавме 500.000 денари ништо немаше да подобрат таму, а овде сигурно ќе ја подобреа работата.

Меѓутоа , да го искористам микрофонот и да упатам еден апел до Министерството за култура за поправична распределба на средствата и проектите особено за млади таленти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да сум на ваше место би рекол скромни бевме во барањето.

Јас се извинувам но еден амандман од г-ѓа Самоиловска по редоследот го рипнав.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 15 гласале за, три воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Сега едно мало дообјаснување.

По редоследот 60-тиот амандман го имам прерипнато, значи два листа сум свртел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 8010, Програма 7, Подпрограма70, ставка 464 и на Раздел 09002, Програма 2, Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ганка Самоиловска Цветанова.

Овој амандман е под реден број 60 од списокот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Не се прифаќа амандманот заради намалување на резервите.

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Самиловска, имате збор.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Ако за другите амандмани не гаев илузија дека министерот ќе ги прифати, искрено се надевав дека овој ќе го прифати, бидејќи е и љубител и чест посетител на културно уметничките манифестации. Но, за жал, музичко сценските уметници ќе останат разочарани. Зошто сметам дека културно уметничките манифестации треба да се поддржат со поголеми финансиски средства? Затоа што, културно уметничките манифестации се места каде што македонските музичко сценски уметници можат да и бидат претставени на македонската јавност и на македонската публика. Исртовремено, доколку овие културно уметнички манифестации имаат соодветен финансиски третман на истите овие манифестации, значи македонската јавност и публика ќе има можност да ги види и да ги слушне светски познатите музичко сценски уметници, со што македонската јавност би била во тек со она што се случува на Европската и на Светската сцена. За жал, како што кажав се нема слух и ниту еден од амандманите кои бараат поголеми средства за финансирање на областите од дејноста на културата не се прифатени од страна на министерот и на Владата и уште еднаш вината меѓу другото ја лоцирам во министерот за култура, кој и во изминатава година не успеал целосно да ги реализира средствата за овие програми. Се надевам дека во иднина, следната година ќе бидат извлечени одредени поуки и културата ќе има соодветен финансиски третман, бидејќи културата не е само една од обичните области и дејности.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 6 за амандманот, 1 воздржан, 51 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001, Програма и Подпрограма И0, ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Средствата за оваа намена со обезбедени со кредит од Светската банка кој Собранието го одобри и затоа ставката е ниска, парите се од други намени, не буџетски и ќе се реализираат со тој кредит. Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60  пратеници, 7пратеници гласале за, нема воздржани и 53 пратеници гласале против амандманот.

Да бидеме на сигурната страна, службите нека проверат колку пратеници се присутни во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 401 и на Раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ефтим Манев, Никола Груевски, Коце Трајановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Претседателе, знам дека ќе се вратиме на прерипнатиот амандман, ама имајте предвид дека министерот се спрема за наредниот амандман и јас сега сум пак затечен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, се враќаме на амандманот кој е по редослед број 63. Значи, ова нека се избрише од стенограмите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001, Програма И, Подпрограма И0, ставка 483 и на Раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Средствата за реформи во здравството во висина од 470 милиони во текот на 2005 и 2006 година се обезбедени, како што кажав претходно, со Светска банка и тоа го надминува овој износ овде што е покачување од 20-тина милиони за 20 и нешто пати.

Нема потреба од овој амандман, средствата се од други извори и тоа се огромни. Затоа, амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Збор му давам на господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе

Се извинувам претседателе,

Јас не го прифаќам објаснувањето на министерот за финансии, бидејќи кога беше кредитот од Светската банка и кога го разгледувавме во Собрание, се сеќавам на мојата дискусија кога рековме таму во образложението пишуваше купување на компјутери. Целта на овој амандман, на мојот амандман што сега го предлагам, практично, е да се направи еден интегрален информативенсистем за управување со здравството. Впрочем и во самата реформа за здравството, на страна 25 Програма И, ако земе на индикатори на Програмата пишува, подобрување на практиките во фондот за здравствено осигурување. Значи подобрување на ефикасноста во издавање на картони за здравствено осигурување, изготвување на упатство според меѓународните стаандарди, подобрување на управување со податоци и известување. Значи, по подобрување на управување со податоци. Сметам дека тука е и намената на овој амандман, бидејќи знаеме дека сеуште кај нас во нашето здравство се купуваат само компјутери без никаков софтвер или софтверот е можеби парцијален понекаде, што значи немаме интегративен информативенсистем на ниво на држава. Само да споменам дека Република Словенија

уште при крајот на 80-тите години имаше интегриран информативен систем, компјутерски информативен систем за управување со здравството, така што секој пациент уште од примарното здравство, значи од првата амбуланта, па се до крајот на неговото лекување или до крајот на неговиот живот, се води една статистика, која што може во секој момент да се види и од некој централен компјутер тоа да се побара и да се добие. Сепак, се работи за една стратешка работа во здравството од аспект на информатиката. Таа не е врзана со стручноста во здравството и сметам дека тоа недостасува кај нас. Можеби ова ќе побуди внимание, не само кај министерот за финансии, мислам најмалку кај него, туку повеќе кај Министерството за здравство, а можеби повеќе и во оние делови во Владата кои што се за информатиката. Сметам дека доволно е да се направи еден проект за интегриран информативен систем, а неговата реализација сигурно ќе чини многу повеќе отколку овие средства што ние ги бараме со овој амандман да се зголемат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 7 пратеници гласале за амандманот, 3 пратеници гласале воздржано, 53 пратеници гласале против амандманот.

Со тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 401 и на раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 21, ставка 413, поднесен од пратениците Ефтим Манев, Никола Груевски, Коце Трајановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете г-дине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Средствата кои се бараат со образложението за оваа намена се обезбедени во Буџетот и тие се во рамки на 655-те милиони, кои се бара да се ребалансираат. Тие

средства се веќе обезбедени и нема потреба од овој амандман. И Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Манев имате збор.

Повелете.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Амандманот е поднесен од причини што судската власт во голем дел не е обезбедена со доволно кадар за извршување на своите тековни работи, што и на самите комисии го изнесе претседателот на Врховниот суд, кој што изјави дека во судството му фалат некаде околу 380 високо образовани кадри, за да може да ја извршува работата, која е во надлежност на сдуството, ефикасно и навремено. Сите знаеме дека нашето судство е во големо задоцнување, неажурно судство. Нашето судство е во голема мера критикувано и непризнаено од Европската Унија, која што бара реформи во истото и да можат нашите судови да бидат адекватни на западноевропските судови. Како што е нашето судство не дава можност  и за инвестирање на странски инвеститори во нашата држава од причина што истите се несигурни во нивното инвестирање и необезбедени преку самото судство.

Од тие причини тоа што зборува министерот дека тие средства биле обезбедени, тоа е обезбедено само за колку да постои судството. Инаку, за извршување на неговата работа никогаш не би ја извршило ако биде таков буџетот, каков што е сега предложен.

Благодаран.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг б ара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 9 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, а 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 402 и на раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 2, ставка 413, поднесен од пратениците Никола Груевски, Ефтим Манев, Коце Трајановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

Ова е предпоследниот амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, затоа што тие средства се обезбедени и се во рамки на Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амanданот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Манев, имате збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Овој амандман ја дели судбината на претходниот амандман, бидејќи не е прифатен за одобрување на дополнителни средства за вработување на стручни лица во судството, а истиот се однесува, за придонеси на вработени. Од тоа истиот е непотребен и го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 29010, Програма 2, Подпрограма 20, ставка 481 и на Раздел 09002, Програма 2,Подпрограма 21, ставка 412, поднесен од пратениците Ефтим Манев, Коце Трајановски, Силвана Бонева, и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот не се прифаќа, зафаќа од резервите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали ј некој бара збор?

Повелете г-дине Трајановски имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Значи, овој амандман го предлагаме се со цел започнатата изградба на нови судски згради во Основниот суд во Прилеп и во Основниот суд во Струга, па затоа предвидените средства во ставката градежни објекти се недоволни за извршување на, според наше мислење, започнатите судски згради во Прилеп и во Струга. Затоа, се предлага овој поголем износ за ставката градежни објекти за да би можеле да се завршат и овие два судски објекти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 6 пратеници гласале за, воздржани нема, 58 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Пред да дадам пауза од половина час, бидејќи е 18,00 часот кој мисли да се пријави, нека се пријави.

Објавувам пауза од половина час до 18,30 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

Повелете господине Трајановски, завршен збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници, на крајот од оваа точка би сакал да кажам само неколку зборови, накратко. Во понеделникот и вторникот ние ја завршивме општата расправа во која воглавно пратениците од опозицијата ги даваа своите забелешки по основ на предложениот Буџет за 2005 година, имаше пратеници и од позицијата и беше доста интересно да се слуша.

Дел од тие забелешки, еве денеска, беа преточени во амандмани и ги разгледувавме, меѓутоа за жал, според мене, мислам дека не беше прифатен ниту еден од амандманите. Со тоа, предложениот Буџет остана онаков каков што беше предложен, без никаква корекција или влијание од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија. Со тоа останува нашата констатација што ја дадовме уште при дискусиите во општата расправа по Предлогот на Буџетот. Имено, овој Буџет дека нема развојна компонента ниту во земјоделието ниту економијата, ниту во здравството, ниту во останатите сектори. Не нуди поддршка и ефикасни реформи кон прилагодувањето кон Европската унија. Едноставно овој буџет е технички инертен за што свое мислење и констатација дадоа и експерти од оваа област.

Јас посакував оваа година за разлика од Буџетот за 2004 година да се остварат корекциите на буџетската политика која што беше дадена во овој Предлог-буџет. Имено, бруто домашниот производ да биде 3,8% може и повеќе, индустриското производство да порасне за 6 до 7%, сметам дека можеше да се проектира и повеќе, на 10% за да имаме појак економски развој, инфлацијата да биде 1,5%, извозот 25%, увозот 15%. Значи, ова се проекциите на буџетската политика.

Што е моето размислување? Да се остварат овие проекции, како што кажав во првиот говор, еве и сега кажувам, се сомневам и целата опозиција се сомнева во тоа. Сепак овој Буџет за 2005 година нуди една статус кво состојба во однос на 2004 година. Состојба иста во најдобар случај, исто со 2004 година. А, колку беше добра

2004 година го почувствуваа граѓаните на Република Македонија и сите ние заедно. И, се чудам од каде тој песимизам на Владата за излез од оваа криза во која во моментов се наоѓаме. Тој песимизам се чувствува во содржината на овој предложен буџет. Значи, не ни останува ништо друго освен надежта и оптимизмот дека овие проекции на буџетската политика ќе бидат надминати во еден позитивен правец. Не ни останува ништо друго, ни останува само да се надеваме. Очекувам овие проекции да бидат надминати, меѓутоа мали се шансите за тоа.

Во 2005 година не очекува една состојба, во најдобар случај иста како во 2004 година, што би рекол, за жал.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Рамадани. Да го чуеме вашиот збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги,

Факт е дека во некои моменти кога разговараме за текстот се појавуваат дилеми особено кај мене кога за една законска одредба дебатираат правници за Буџетот наместо економисти. И, тогаш кај нас се појавува дилемата со фактот дека интерпретациите за истите работи толку се различни меѓу себе што некогаш ние кои не сме од таа професија малку сме во една многу незавидна ситуација. Но, треба да кажам дека овој пат имавме еден буџет толкав колку што е, со една нова технологија на изработка на Буџетот каде што ни е дадена можност ние кои што сме подалеку од оваа материја да добиеме и објаснувања, а можеби и знаења што значи буџет, како се изработува, како се подготвува и како средствата се распределуваат. Во сето она што јас имав можност да го видам и да го прочитам во текстот дојдов до заклучок дека во сето она што се обиде министерот и во неговото експозе да ни даде објаснувања, дополнителни објаснувања, сепак можеме да заклучиме дека сеуште според една инерција од минатите времиња и од претходните министри и буџети кои обично ги имаме на крајот на годината, не доведуваат до една ситуација да заклучиме дека секогаш повеќе средства се дадени или предвидени за области кои што ние можеби самите и како пратеници и како политичари создаваме ситуации. На пример и натаму ние немаме можност односно ниту Владата не ја има таа можност да распределува средства за намалување на сиромаштијата. Сиромаштијата се зголемува иако има една сума од 650 милиони

денари, но сиромаштијата не се намалува туку напротив се одржува една ситуација кога имаме 65% на прагот на сиромаштијата во однос на текстот и продолжува бројот од 65 иљади семејства во Македонија да добиваат и натаму социјална помош.

Што се однесува до реформите во јавната администрација нема да се задржам многу бидејќи беше објаснето со амандмани, но сакам да се задржам на нешто што можеби не го слушнав во излагањата на моите колеги. На страница 29 од текстот на Буџетот направив неколку споредби каде се трошат парите односно каде се финансираат и правам една споредба, една компарација. На пример Агенцијата за разузнавање троши околу 129 милиони и 196 иљади денари, додека Собранието каде што сме ние пратеници и сите активности овде во Собранието 317 милиони и 840 иљади и Државната изборна комисија. Доколку ги земеме овие како институции и ако го земеме Собранието како еден од трите главни столбови во државата ќе видиме дека и натаму многу пари трошиме на разузнавање, што значи дека и натаму по инерција создаваме или размислуваме или пак сме во една ситуација дека имаме многу непријатели и за тоа треба да се плаќаат голем број на луѓе, за разузнавање, за откривање и сето ова кога ќе го споредиме со платите, бидејќи овие податоци ги имам од текстот, со платите што се даваат во Агенцијата за разузнавање, 90 милиони и 66 иљади денари во таа Агенција се даваат за плати, додека во Собранието 137 милиони и 210 иљади. Јас ги спомнувам овие бројки, вие да почнете да размислувате бидејќи често пати сме како цел на мета, дека пратениците добиваат големи плати, дека се троши многу и кога ќе се спореди со еден дел од институциите, платите што се добиваат таму или што се трошат, што се издвојуваат од Буџетот и кога ќе се земе Собранието како Собрание и дури Владата со 205 милиони 494 иљади ќе видиме дека според една инерција и натаму средствата ни одат таму. Во Министерството за внатрешни работи продолжува, се зголемува 6 милијарди и 620 милиони денари и нешто. Јас знам дека Полицијата треба да се финансира, се врши пренасочување, Полицијата е веќе и на границите и тн. но како пратеници и како граѓани, се поставува прашањето врз основа на текстот што го имаме и што го читаме тука дали овие пари, овие финансирања во Полицијата го оправдуваат сето она што значи колку нас ни се обезбедува безбедност, колку ние сме безбедни и како луѓе и како семејства и како граѓани. Значи, дали се оправдуваат сите тие средства, Полицијата што ја извршува како работа, професионална работа и колку професионално ја извршува својата работа, а колку во Буџетот ние определуваме, одредуваме средства.

Министерството за земјоделие, нема да продолжам, за тоа стана збор и се разговараше.

Спроед Буџетот кој што е предвиден, инвестиции, 12 милиони и 900 и нешто илјади денари во образованието, тука има основни училишта 5 милијарди денари, средни училишта 2 милијарди денари и високото образование 2 милијарди денари, односно околу 3 милијарди и науката 106 милиони денари. Кога ќе ги направам овие споредби вака како шума, како маса тоа се чини дека е голема пара.

Од друга страна доколку направиме споредба какви ни се училиштата, какво ни е образованието, каква ни е ситуацијата во училиштата од плати, се она што значи стандард во училиштата, во образованието, тогаш навистина многу далеку сме од она што треба да биде вистинско. Зошто го говорам ова. Го говорам затоа што доколку немаме добро образование, немаме добро здравство, доколку немаме добра Полиција, а Полиција каква што треба да биде, нас од друга страна ни се појавуваат проблеми за кои што трошиме екстра, но трошиме во последици, а не трошиме таму каде што треба да ги спречиме последиците што ни доаѓаат од една дадена ситуација.

И, дозволете ми господине претседателе, вие некогаш дозволувате дигресија, не знам дали тоа значи однапред, но сакам да коментирам и дел од текстот од експозето што е дел, се разбира, од Буџетот. Јас се согласувам дека министерот самиот го рече тоа во експозето, ни се појавува една традиционална слабост во изготвувањето на Буџетот, тоа го прифаќа, тоа го признава во Буџетот и веднаш почнува и ги набројува оние што се позитивни и тие што се негативни.

Но, сепак во позитивното ми се допаѓа фактот во овој момент кога спомна во делот на кредитниот рејтинг на Македонија што е подобрен, тоа е позитивно и мене ме радува и од тоа мислам дека Тутунска банка искористи, всушност доби 20 милиони евра за развој на мали и средни претпријатија.

Мене ме интересира и добро е да го повторам јас како пратеник во врска со буџетари, односно јавна администрација или државна, со училиштата, со образованието, културата и тн. дефинитивно сакам да верувам на тоа што институционално или подобро што е официјално, службено. Дали е вистина тоа дека 70 илјади 218 луѓе во администрација ,државна, јавна каде што е опфатено и образованието се во администрацијата или пак јас што го слушам во голем број медиуми и деструктивни најави и опозициони заради создавање на една магловита ситуација 120 илјади, 140 илјади лица, доколку оваа бројка од 70 илјади е вистинита

мислам дека министерот за финансии не смее да кажува невистини пред пратениците, тогаш постои реална шанса и без некои потреси да се реализира Акциониот план за подобрување на националната структура во јавната и државна администрација и се она што значи администрација без некои потреси, поголеми потреси, без некои ситуации за кои што другите тенденциозно велат дека тоа е катастрофална ситуација, од администрацијата ќе отидат од работа голем број луѓе. Доколку се 70 илјади, во експозето тоа го вели министерот тогаш ние сме во рамките на она што меѓународните институции го бараат од нас и доколку е тоа вистина тогаш не треба да предвидуваме некои потреси и несакани ситуации. Во последниот збор што ќе го има министерот ќе го потврди уште еднаш овој податок, доколку е тоа така.

Јас ќе завршам, по се се чини во оваа ситуација, во овој момент колку да сме критични, ние можеме да бидеме критични и деструктивни, да создадеме една магловитост, една ситуација, како што слушнав вчера некои дискусии за кои што 2005 година се предвидува една црна година, многу лоша, многу тешка година. Јас можеби во шега, на еден колега му реков, сите оние граѓани кои што за Нова година ќе одат надвор, врз основа на тоа како ги кажуваме, предвидуваме ситуациите за 2005 година, тогаш тие немаат зошто да се враќаат во Македонија. Навистина треба да бидеме многу поодговорни во однос на зборовите што ќе ги искажеме и како пратеници и како луѓе со одговорност.

На крајот на годинава уште еднаш правиме Буџет, но имаме еден Буџет за кој што јас се надевам, само нека биде основа на еден иден Буџет кој што дефинитивно ќе ги намали превидувањата за некои институции кои што не се профитабилни и дефинитивно ќе ја засили компонентата што често пати ја имаме во нашиве дискусии, значи развојната компонента.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, дали некој друг бара збо? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина освен за Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител, за кој Собранието согласно член 48 став 3 од Законот за Народниот правобранител да се гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 гласале за предлогот, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на гласање.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 гласале за, 2 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 гласале за, 1 воздржан 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со буџетите за 2005 година на Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија.

Почитувани пратеници, според договорот, ја завршувам седницата.

Утре во 10 часот имаме нова седница.

Го молам министерот, бидејќи таа ќе биде куса, ако може да биде присутен, во 10 и 30 ќе продолжиме со оваа седница.

Утре во 10 часот продолжуваме со работа.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,55 часот).